# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2024

КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КОМИСИЈА ЗА
ЗАШТИТА ОД ДИ

Годишен извештај за работата на

# Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

за 2024 година

Скопје, март 2025 година

# Содржина


Резиме ..... 7

Поставеност, законски надлежности и состав на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ..... 10

Законска рамка ..... 10

Членови на КСЗД ..... 11

Стручна служба ..... 12

Статус на имплементирање надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ..... 15

Претставки за заштита од дискриминација ..... 15

Демографски податоци за подносителите на претставки ..... 18

Географска мапа на подносителите на претставки ..... 20

Пријавени основи и области на дискриминација во новите предмети за 2024 година ..... 23

Пријавени основи на дискриминација ..... 23

Пријавени области на дискриминација ..... 25

Постапки за заштита од дискриминација поведени по службена должност ..... 28

Одлучување на Комисијата по предмети за заштита од дискриминација ..... 30

Утврдена дискриминација во 2024 година ..... 32

Видови дискриминација во случаите утврдени во 2024 година ..... 33

Основи на дискриминација во случаите утврдени во 2024 година ..... 36

Области на дискриминација во случаите утврдени во 2024 година ..... 38

Статус на исполнување на препораките на Комисијата ..... 41

Вклучување на КСЗД во судска постапка како замешувач и како пријател на судот „amicus curiae“ ..... 42

Превентивни и други активности на КСЗД ..... 45

Претседателски и парламентарни избори во 2024 година ..... 45

Превентивни активности со Германската агенција за меѓународна соработка - ГИЗ Северна Македонија ..... 46

Превентивни активности со Мисијата на ОБСЕ Скопје ..... 46

Превентивни активности со АДИ – Гостивар и ХОПС Скопје ..... 47

Превентивни активности со Институтот за фундаментални и човекови права „Лудвиг Болцман“ Австрија ..... 47

Превентивни активности по сопствена иницијатива ..... 48

Меморандуми за соработка со институции и организации ........ 48
Меѓународно известување и застапување ........ 50
Мислења и препораки по закони ........ 50
Присуство на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во медиумите ........ 54
Буџет и финансиско работење ........ 57
Прилог 1: Случаи од праксата ........ 59
Прилог 2: Завршна сметка ........ 64

# Резиме

Овој извештај ги презентира постигнувањата и реализираните активности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму во текстот: КСЗД или Комисијата) во 2024 година.

КСЗД е национална институција за човекови права, надлежна за спречување и заштита од дискриминација. Таа е самостоен и независен орган основан од Собранието на Република Северна Македонија и своите надлежности ги врши во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во текот на 2024 година, КСЗД работеше на вкупно 485 предмети за заштита од дискриминација, од кои, 407 нови отворени во 2024 г. и 78 предмети пренесени од претходната година. Од новите 407 предмети, 405 се претставки поднесени од граѓани и организации, а останатите два се постапки кои КСЗД ги поведе по службена должност.

Најголем број претставки се поднесени за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност (27%), а потоа следат друга основа, друго уверување, лично својство и општествен статус, политичко уверување, образование и пол, а во помал број и врз останатите основи на дискриминација. Жените почесто од мажите пријавиле дискриминација врз основите пол, род, образование, возраст и семејна или брачна состојба, додека мажите почесто од жените поднеле претставки за заштита од дискриминација врз основите боја на кожа, потекло, сексуална ориентација, припадност на маргинализирана група, државјанство и попреченост.

Во поглед на областите, најмногу претставки се поднесени за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи (39%), а добивме пријави и во областите членување и дејствување во синдикални и други организации, потоа јавно информирање и медиуми, образование, наука и спорт и други, пристап до добра и услуги, правосудство и управа и во други области.

Комисијата, во 2024 година, одржа 24 седници на кои се донесоа 316 одлуки по предмети за заштита од дискриминација, од кои, 48% се мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, а 52% се заклучоци за отфрлање на претставка, односно за непостапување или запирање на постапката. Најмногу од претставките за кои не можеше да се спроведе постапка, беа отфрлени заради неуредност на поднесокот или затоа што КСЗД немаше законска надлежност да постапува. Независно што не се поведе постапка за утврдување на дискриминација, Комисијата во сите овие случаи, на подносителите им даваше информации и насоки за начинот и јавниот орган до кој треба да се обратат заради остварување на нивните права. Од предметите за кои КСЗД донесе мислење по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, во 56 случаи или 37% се утврди дискриминација, а во 96 случаи или 63% не се утврди дискриминација.

Најчеста утврдена основа за дискриминација во мислењата на Комисијата во 2024 година, е националната или етничката припадност, а потоа следат основите лично својство и општествен статус, членување и дејствување во синдикална организација, род, родов идентитет, сексуална ориентација, политичко уверување, попреченост и други основи. Исто како и во претходната година, најчесто место на сторена дискриминација е во институциите на јавниот сектор (37 случаи или 66%), а утврдени се и случаи во приватниот сектор (9 случаи или 16%), како и на социјалните мрежи и медиумите (10 случаи или 18%). Во однос на областите, најмногу утврдени случаи се во работата и работните односи, образованието, науката и спортот и јавното информирање и медиуми, а потоа правосудство и управа, пристап до добра и услуги и во други области.

Дел од утврдените случаи за кои се цени дека имаат поголем импакт или се однесуваат на системски проблем кој предизвикува дискриминација или може да стави во дискриминирана положба поголема група лица, КСЗД дополнително ги презентира на своите јавни настапи, потоа во посебни тематски извештаи, објавување на соопштенија и изјави. Тие ни даваат увид во состојбите, откривање на негативни јавни практики и трендови, но служат и за едукација на граѓаните, како и препознавање на слични ситуации во кои се нашле, со цел и поттикнување и охрабрување, истите да ги пријават во Комисијата.

КСЗД го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сè до исполнување на препораките, а во случај тие да не бидат исполнети има законска обврска да поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд. Заради непостапување по препораките на Комисијата, во 2024 година, поднесени се 10 барања за поведување прекршочни постапки против утврдени дискриминатори, а до крајот на годината донесени се две обвинителни пресуди од надлежниот суд за прекршоци.

Во извештајниот период, КСЗД дејствуваше како пријател на судот (amicus curiae) во две судски постапки по поднесени тужби за сторена дискриминација. Првата е за тужба од јавен интерес (actio popularis) пред Основниот граѓански суд Скопје, против Министерство за правда - Управата за водење на матичните книги, од страна на тужителите Европски Центар за правата на Ромите (ЕЦПР) и Македонското здружение на млади правници - МЗМП Скопје, заради утврдување на директна продолжена и повторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, етничка припадност, лично својство и општествен статус врз сите лица евидентирани во посебната матична книга на родени кои се стекнале со идентификациска исправа и индиректна продолжена и повторена дискриминација врз основ на етничка припадност, врз сите Роми евидентирани во посебната матична книга на родени кои се стекнале со идентификациска исправа. Во вториот случај, КСЗД дејствува како пријател на судот по поднесена тужба за заштита од дискриминација до Основен суд Битола против лице од Битола за сторена повеќекратна, продолжена и повторена дискриминација и вознемирување врз ЛГБТИ лицата на социјалните мрежи.

Комисијата како централно национално тело за еднаквост, дава стручни мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација и придонесува во измените и дополнувањата на законската рамка, со цел усогласување на истата со

Законот за спречување и заштита од дискриминација на начин на кој законите ќе вклучуваат одредби за заштита и превенција од сите форми на дискриминација. Во 2024 година, КСЗД достави свои мислења со конкретни насоки за предлог-законите за средно и основно образование до Министерството за образование и наука во фазата на нивна подготовка, но ниту една од клучните забелешки не беше вградена во финалните предлог-текстови со започнување на законодавната постапка. КСЗД, предупреди дека така како што се предложени, одредбите се недоволни за спречување на сегрегацијата на децата Роми, а исто така ја загрозуваат инклузијата на децата со попреченост, родовата еднаквост и заштитата од насилство и дискриминација на младите со различна сексуална ориентација и родов идентитет.

Годината беше одбележана и со парламентарните и претседателски избори. Во пресрет на изборите, Комисијата потсети и предупреди дека сè уште не се исполнети препораките кои беа упатени во 2021 година, за отстранување на дискриминацијата која ја продуцира Изборниот законик врз основа на возраст, здравствена состојба и личен статус, со што непосредно пред одржување на уште еден циклус избори, различни групи на граѓани повторно се оневозможени да го остварат уставното право на глас. КСЗД исто така реализираше превентивни активности за подигнување на свеста за фер и изборен процес без дискриминација и говор на омраза.

Во текот на годината, КСЗД спроведе и други превентивни активности со партнерски организации од земјата и од странство, а исто така ја продолжи и продлабочи соработката со граѓанскиот сектор и државните институции преку склучување на меморандуми за соработка.

Годишниот извештај дава јасен и структуриран преглед на имплементирањето на надлежностите на КСЗД и изобилува со статистички податоци од работењето во 2024 година. Прикажани се и статусот, раководството, надлежностите и организациската структура на Комисијата, реализираните активности, остварената соработка со други институции и организации од земјата и од странство, медиумската присутност, како и буџетското и финансиското работење на КСЗД.

Извештајот содржи два прилози, и тоа:

Прилог 1: Издвоени случаи од практиката
Прилог 2: Завршна сметка за 2024 година

# Поставеност, законски надлежности и состав на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

## Законска рамка

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е основана со Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 24 октомври 2020 година), како самостоен и независен орган и има својство на правно лице. Надлежностите на Комисијата може да се поделат во следните главни функции: превентивна, промотивна, заштитна и советодавна-експертска, а истите се таксативно наведени во членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација

- презема активности за промоција, заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата;
- го следи спроведување на Законот и да дава свои мислења и препораки;
- промовира принцип на еднаквост, право на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација;
- придонесува во изготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование;
- изготвува и објавува посебни и тематски извештаи за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата;
- дава општи препораки за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата и го следи нивното спроведување;
- се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права или за пристапување кон истите и го следи нивното спроведување;
- придонесува при изготвување на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права и придонесува за спроведување на нивните препораки;
- промовира и предлага усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за човекови права;
- иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација;
- дава мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација;
- воспоставува соработката со физички и правни лица, како и со здруженија, фондации, социјални партнери за остварување на принципот на еднаквост и унапредување на спречувањето и заштитата од дискриминација;
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни и регионални организации на полето на заштита од дискриминација;

- постапува по претставки, носи мислења, препораки и заклучоци за конкретните случаи на дискриминација;
- поведува постапка за заштита од дискриминација по службена должност;
- дава информации на заинтересираното лице за своите права и можности за покренување на судска или друга постапка;
- го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сè до исполнување на препораките дадени од КСЗД;
- се јавува како замешувач во судски постапки;
- може да дејствува како пријател на судот (amicus curiae);
- за својата работа КСЗД квартално ја информира јавноста за случаите на дискриминација, ги споделува своите мислења и препораки на јавноста преку кој било медиум;
- КСЗД има можност да формира советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања, да прибира и објавува статистички и други податоци и формира бази на податоци поврзани со спречување и унапредување на заштитата од дискриминација;
- КСЗД за својата работа поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија и има обврска сите извештаи, вклучително и финансискиот извештај, да ги објавува на интернет-страницата на КСЗД.

## Членови на КСЗД

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е составена од седум членови што ги избира Собранието на Република Северна Македонија и имаат статус на именувани лица што ја извршуваат функцијата професионално, неспоиво со извршување друга јавна функција, професија или функција во политичка партија. Членовите се избираат во транспарентна постапка што вклучува јавен оглас објавен од Собранието и задолжително спроведување јавна расправа. Исклучително важен да се истакне е критериумот за избор на член на КСЗД утврден во Законот, кој бара минимум седум години работно искуство од областа на човековите права, од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација, со што се гарантира професионалноста на членовите на Комисијата и ја намалува можноста за влијанија и арбитрарност во изборот на членовите.

Членовите на КСЗД се избираат со мандат од пет години, со право на уште еден последователен повторен избор. При изборот на првиот состав на Комисијата, четири членови се избираат со мандат од пет години, а тројца членови со мандат од три години. Од редот на членовите Комисијата избира претседател со мандат од една година, без право на повторен избор.

На 15 јануари 2024 година, Собранието на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на четири членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и тоа три членови со мандат од пет години и еден член со мандат од една година, два месеци и осум дена, односно со мандат во траење до истекот на мандатот на членот на Комисијата на кого во 2022 година, по негово барање му престана мандатот. Со изборот на овие членови,

Комисијата за првпат после изборот на првиот состав во 2021 година, функционираше во полн состав. Моменталниот состав на КСЗД го одразува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија, но со седум члена, од кои само две се жени, не е родово балансиран.

## Стручна служба

За вршење на стручните, административните и техничките работи на Комисијата се формира стручна служба. Вработените во стручната служба имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за административни службеници. Со стручната служба раководи генерален секретар што го назначува КСЗД.

Врз основа на извршена функционална анализа, донесени и во примена се Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места на Стручната служба, со кои е утврдена следната организациска поставеност:

1. **Сектор за административно-финансиска поддршка**
   - 1.1. Одделение за општи и правни работи
   - 1.2. Одделение за односи со јавноста
   - 1.3. Одделение за финансиски прашања
2. **Сектор за спречување и заштита од дискриминација**
   - 2.1. Одделение за заштита од дискриминација
   - 2.2. Одделение за спречување на дискриминација и промоција на принципот на еднаквост
3. **Сектор за аналитика, меѓуинституционална национална соработка и меѓународна соработка**
   - 3.1. Одделение за меѓународна соработка и соработка со институции и граѓански организации
   - 3.2. Одделение за истражувања и анализи

Графичкиот приказ на организациската структура е даден на Графикон 1.




*Графикон 1 - Во Правилникот за систематизација на работни места во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се систематизирани 40 работни места на административни службеници со вкупно 46 извршители, од кои пополнети се само 16 работни места, што претставува 35% пополнетост*

Бројот на вработени во Стручната служба на Комисијата споредбено со 2023 година, останува ист, односно во текот на 2024 година, во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не е спроведено ниту едно ново вработување. Имено, иако Комисијата има мал процент на пополнети од систематизираните работни места и има потреба од нови вработувања на административни службеници, Министерството за финансии не даде финансиска согласност за нови вработувања во 2024 година, поради што истите не беа предвидени во Годишниот план за вработување за 2024 година.

Почитувајќи ги препораките на Министерството за финансии со кои тоа не даде согласност на Предлог годишниот план за вработување за 2024 година, а кои се темелеа на определбата на Владата на Република Северна Македонија за оптимизирање на јавната администрација, во Годишниот план за вработување за 2024 година на Комисијата беа предвидени само 2 (две) унапредувања на административни службеници по пат на интерен оглас, но истите не беа реализирани.

Состојбата на мала расположливост со човечките ресурси и големиот процент на непополнети работни места во Комисијата го намалува потенцијалот на стручната служба за непречено функционирање, исполнување на работните задачи и остварување и реализација на законските надлежности на Комисијата. Стратегиската определба за јакнење на

капацитетите и човечките ресурси, како и создавање стручна, независна и професионална административна служба на КСЗД останува предизвик и во 2025 година.

На Графикон 2 е даден приказ на состојбата со екипираност со човечки ресурси во Комисијата (членови и стручна служба), односно процентот на пополнети позиции на работни места во стручната служба и процентот на пополнети позиции на именувани лица заклучно со 31.12.2024 година.




*Графикон 2*

# Статус на имплементирање надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Во согласност со утврдените надлежности во Законот за спречување и заштита од дискриминација и Деловникот за работа, Комисијата работи постојано, а одлучува на седници што се одржуваат по потреба. Во 2024 година, КСЗД работеше на вкупно 485 предмети за заштита од дискриминација, од кои 407 нови, отворени во 2024 г. и 78 предмети пренесени од претходната 2023 година (Графикон 3). Како и во минатите години, најголемиот број предмети се претставки поднесени од граѓани и правни лица (482 или 99,38%), додека останатите се постапки за заштита од дискриминација кои Комисијата ги поведе по службена должност (3 или 0,62%). Во 2024 година, Комисијата одржа 24 седници на кои се донесени 316 одлуки за конкретни предмети за заштита од дискриминација.

КСЗД во 2024 година работеше на вкупно 485 предмети за заштита од дискриминација

407 се нови отворени во 2024 година и 78 се пренесени од претходно




*Графикон 3*

## Претставки за заштита од дискриминација

Во согласност со член 23 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, секое лице (физичко и правно) може да поднесе претставка за заштита од дискриминација до КСЗД, без обврска за плаќање такса и друг надоместок. Притоа,

- лицата што сметаат дека биле дискриминирани можат да поднесат претставка до КСЗД и тоа лично или застапувани од друго лице (родител/старател во име на неговото малолетно дете или родител/старател во име на лице со попреченост), како и застапувани од адвокат, здружение, фондација или синдикат со претходно дадена согласност
- здруженијата, фондациите, синдикатите или други организации од граѓанското општество и институции, кои имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, можат да поднесат претставка, ако направат веројатно дека со постапувањето на одредено физичко или правно лице се дискриминирани поголем број лица

Претставка за дискриминација до Комисијата може да се поднесе на повеќе начини – по пошта, лично во простории на КСЗД и електронски.

Поднесување претставка по пошта се врши со испраќање пополнет образец за пријава на дискриминација или своерачен писмен поднесок со сите потребни податоци на адреса на Комисијата

Поднесување претставка може да се поднесе усно на записник или со пополнување на образецот за пријава на дискриминација во просториите на Комисијата

Електронско поднесување претставки е овозможено преку електронскиот сервис „Пријави дискриминација“ на интернет страницата на Комисијата (https://kszd.mk/пријави-дискриминација/) или со испраќање е-пошта на contact@kszd.mk

**Во 2024 година до КСЗД се поднесени 405 претставки за заштита од дискриминација**, што е зголемување за 43% во однос на просечниот број на нови претставки примени во периодот 2021-2023 година (Графикон 4). Во споредба со претходната година бројот е намален за 22%, а истото се должи на помалиот број примени повеќекратни пријави за исти настани (две и повеќе претставки поднесени против ист потенцијален дискриминатор и за иста правна работа), кои во 2024 г. изнесуваа 64, а во 2023 г. дури 185, што е разлика од 121 претставки.

Во 2024 година поднесени се 405 нови претставки што е зголемување за 43% од просекот во периодот 2021-2023




*Графикон 4*

Од вкупно поднесените 405 претставки во 2024 година, 351 или 87% се пријави за заштита од потенцијална дискриминација на физички лица, а 54 или 13% се претставки поднесени од правни лица за заштита од дискриминација на одредена група или поголем број лица. Од

претставките поднесени од физички лица, 273 или 78% се поднесени лично од граѓани кои сметаат дека биле дискриминирани (Графикон 5). Од останатите, 75 се претставки на граѓани поднесени преку овластено лице (адвокат, синдикат или здружение на граѓани), додека 3 се претставки во име на друго физичко лице за што е потребна активна легитимација. За истакнување е податокот дека до КСЗД се поднесени 22 претставки од родител во име на негово малолетно дете, што е 5% од вкупниот број поднесени претставки во 2024 година.

Граѓаните кои сметаат дека се дискриминирани најчесто поднесуваат претставка лично, без посредник

во помал процент поднесуваат претставка преку адвокат, синдикат и здружение




*Графикон 5*

Претставка до Комисијата најчесто се поднесува на традиционален начин, односно по пошта и лично во простории на Комисијата (245 претставки, што е 60% од вкупно поднесените претставки). Електронски доставени се 160 претставки или 40%, од кои 50 претставки се испратени на адресата на е-пошта, а електронска пријава (Е-претставка) преку сервисот „Пријави дискриминација" на интернет страницата на Комисијата поднеле 110 лица (Графикон 6). КСЗД во 2024 година, активно работеше на подобрување на алатката за електронско поднесување на претставки која овозможува секое лице, од било каде и во било кое време, на лесен и едноставен начин, да пријави случај на дискриминација.

Алатката Е-претставка е најдостапен, најбрз и наједноставен начин за пријава на дискриминација, но граѓаните и понатаму главно ги користат традиционалните начини на поднесување претставки




*Графикон 6*




*Слика 1 – Изглед на налепниците со „кјуар кодови“*

Во насока на подигнување на јавната свест за пријавување на дискриминацијата, КСЗД изработи „кјуар кодови“ во облик на мали налепници, преку кои граѓаните на брз начин можат да се поврзат со електронскиот систем и да пријават дискриминација. Истите беа доставени до Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство и Агенцијата за вработување за да ги дистрибуираат до сите установи под нивна надлежност, односно во училиштата, центрите за социјална работа, здравствените установи, центрите за вработување и др.

Покрај по новите 405 претставки, КСЗД постапуваше и по 77 претставки кои беа поднесени во претходната година, така што во 2024 година, вкупно се работеше по 482 претставки.

## Демографски податоци за подносителите на претставки

Демографска анкета е составен дел на формуларот[1] за поднесување на претставки. Истата не е задолжителен елемент на претставката, а доколку подносителите се одлучат да ја пополнат, тоа ѝ овозможува на КСЗД пристап до дополнителни податоци што се прибираат, чуваат и обработуваат исклучиво за аналитички цели и во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Покрај општите статистички информации, демографските податоци во одредени случаи можат да ѝ користат на Комисијата и како ран сигнал за внимание на потенцијална интерсекциска дискриминација. Во овој извештај се презентира статистика на поднесените претставки од физички лица според полот, етничката припадност и возраста на подносителот (или на лицето во чие име се поднесува претставката доколку како подносител е овластено физичко или правно лице).

Од вкупно 351 физички лица за кои е поднесена претставка за заштита од дискриминација во 2024 година, за 16 не е познат податокот за пол. Од останатите, **речиси идентичен е бројот на поднесени претставки помеѓу мажите и жените** (Графикон 7), односно 169 подносители биле мажи (50,4 %) и 166 жени (49,6%).

---

[1] Од претставките кои се поднесени своерачно во писмена форма или усно на записник во просториите на Комисијата, доколку јасно не се изразени, не можат да се обезбедат демографски податоци директно од поднесокот. Во одреден број случаи податоци се добиваат и подоцна, во текот на постапката, а во други КСЗД не успева да ги обезбеди и до крајот на постапката.

Жените и мажите подеднакво поднесуваат претставки за заштита од дискриминација




*Графикон 7*

Во однос на националната припадност, 124 подносители или 35% не се изјасниле. Од оние што се изјасниле, 169 биле Македонци, 29 Албанци, 8 Власи, 7 Роми, 3 Турци, 2 Срби и 1 Бошњак. До Комисијата се доставени и 8 претставки од граѓани што се изјасниле за друга етничка припадност (бугарска, хрватска, горанска, американска, канадска, руска и двајца подносители кои избрале друга етничка припадност без конкретно да ја наведат истата). На Графикон 8 е прикажана етничката припадност на подносителите на претставки изразена во проценти.

Податок за етничка припадност не доставиле 35% од подносителите на претставки

Друга етничка припадност: хрватска, американска, канадска, горанска, бугарска, руска и друга конкретно ненаведена етничка припадност




*Графикон 8*

Податок за возраст не доставиле 93 подносители на претставки. Од подносителите за кои е позната возраста, најмногу се на возраст од 41-50 години, а потоа следат подносители на

возраст од 31-40 години и 51-60 години. На Графикон 9 е прикажан вкупниот преглед на бројот на подносители според возраста по возрасни групи.




*Графикон 9*

## Географска мапа на подносителите на претставки

Географска мапа на подносителите на претставки е визуелизација на бројот на претставки која се заснова на адресниот податок на подносителите – за физичките лица тоа е општината на живеење/престојување, а за правните лица општината на седиштето. Во овој извештај се презентира географската мапа на поднесени претставки по региони и по општини.

Во однос на планските региони, најголем број претставки за заштита од дискриминација во 2024 година, до КСЗД се поднесени од граѓани и организации со адреса/седиште во општините од Скопскиот плански регион – 223 претставки или 55% (Графикон 10). Бројот на претставки од останатите региони е следниот:

- 39 или 9,6% од општините во Пелагонискиот плански регион
- 31 или 7,6% од општините во Југозападниот плански регион
- 27 или 6,7% од општините во Полошкиот плански регион
- 25 или 6,2 % од општините во Вардарскиот плански регион
- 19 или 4,7% од општините во Источниот плански регион
- 14 или 3,5% од општините во Североисточниот плански регион, и
- 10 или 2,5% од општините во Југоисточниот плански регион

## Претставки за заштита од дискриминација доставиле подносители од сите региони




*Графикон 10*

Во однос на општините, најмногу претставки во 2024 година, се поднесени од граѓани и организации со адреса/седиште во Скопје – 217 претставки, или 54% (Графикон 11). Бројот на претставки од останатите општини е следниот:

- по 21 од Битола и Охрид
- по 12 од Велес и Тетово
- 10 од Прилеп
- 9 од Куманово
- 8 од Гостивар
- по 7 од Кавадарци и Штип
- 6 од Кичево
- 4 од Кочани
- по 3 од Берово, Брвеница, Гевгелија, Демир Хисар, Крушево и Неготино
- по 2 од Арачиново, Врапчиште, Делчево, Илинден, Крива Паланка, Македонски брод, Пехчево, Ранковце и Струмица и
- по 1 претставка од Василево, Дебар, Демир Капија, Дојран, Долнени, Конче, Кратово, Маврово и Ростуше, Македонска Каменица, Ново Село, Петровец, Радовиш, Ресен, Росоман, Струга, Студеничани, Теарце и Чашка.

Претставки за заштита од дискриминација доставиле подносители од 63% од општините во државата




*Графикон 11*

Во 2024 година, до Комисијата, со 9 претставки за заштита од дискриминација се обрати и граѓанска организација чие седиште е во Брисел, Белгија, по 1 претставка доставиле лица од Германија, Норвешка и Косово, а 5 лица поднеле претставка без да наведат адресен податок, кој е задолжителен елемент на претставката.

## Пријавени основи и области на дискриминација во новите предмети за 2024 година

КСЗД во февруари 2024 година, прими 56 претставки со идентична содржина, поднесени од група вработени во Управата за јавни приходи против Синдикатот на УПОЗ за сторена дискриминација врз основа на друго уверување во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство. Со оглед дека сите се однесуваа за иста правна работа, Комисијата донесе заклучок со кој започнатите постапки за заштита од дискриминација на овие 56 претставки се спојуваат во една постапка. Иако споени во една постапка, податоците содржани во овие претставки статистички учествуваат во анализата на присуството на пријавени основи и области на дискриминација во поднесените претставки. Имајќи предвид дека бројот на овие претставки сочинува 14% од вкупно поднесените претставки во 2024 година, пријавената основа *друго уверување* и пријавената област *членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство*, соодветно значително се изразени во вкупната статистика на пријавени основи и области на дискриминација во 2024 година, особено за претставките поднесени од физички лица. Освен споменатите 56 претставки, во 2024 година, уште во четири наврати КСЗД прими по две претставки за исти настани и за овие двојни пријави, Комисијата исто така донесе заклучок за спојување во една постапка.

## Пријавени основи на дискриминација

**Најчеста пријавена основа за дискриминација во 2024 година, е *националната или етничката припадност***, која е посочена во 109 претставки што е 27% од вкупниот број претставки (Графикон 12). Потоа следат пријави за дискриминација врз друга основа (19%), друго уверување (17%), лично својство и општествен статус (14%), политичко уверување (11%), образование (7%) и пол (5%). Пријавена е дискриминација и врз 16 други основи, но истите се застапени во помалку од 5% во поднесените претставки. Во 28 претставки (7%) подносителот во претставката не навел дискриминаторска основа.

Етничката припадност е најчеста пријавена основа за дискриминација во 2024 година




*Графикон 12*

Во 109 претставки или 27% подносителите означиле повеќе основи и истите се можна индикација за случаи на повеќекратна или интерсекциска дискриминација. Така на пример, доставени се 6 претставки за дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и јазик, 4 претставки за дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и политичко уверување, потоа 3 претставки за дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и боја на кожа, 3 пријави за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 2 претставки за дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и религија или верско уверување итн. Ова треба да се има во предвид бидејќи во статистичката презентација на основите на дискриминација се прикажува вкупниот број на претставки во кои истата била пријавена (Графикон 13).




*Графикон 13*

Во однос на пријавените основи на дискриминација кај жените и мажите, во 2024 година, жените почесто од мажите пријавиле дискриминација врз основите пол, род, образование, возраст и семејна или брачна состојба, додека мажите почесто од жените поднеле претставки за заштита од дискриминација врз основите боја на кожа, потекло, сексуална ориентација, припадност на маргинализирана група, државјанство и попреченост. Во Табела 1 е прикажан бројот на претставки според пријавената основа кај правните и физичките лица, кои се прикажани според полот на подносителот.

| Број на претставки во секоја од пријавените основи на дискриминација според подносителот на претставка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пријавена основа / Вид на подносител | Физички лица | | | Правни лица |
| | Жени | Мажи | Нема податок за пол | |
| Раса | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Боја на кожа | 1 | 3 | 0 | 1 |
| Потекло | 0 | 3 | 0 | 1 |
| Национална или етничка припадност | 32 | 37 | 5 | 35 |
| Пол | 15 | 7 | 0 | 0 |
| Род | 12 | 2 | 0 | 0 |
| Сексуална ориентација | 1 | 14 | 1 | 4 |
| Родов идентитет | 3 | 4 | 1 | 3 |
| Припадност на маргинализирана група | 0 | 6 | 0 | 4 |
| Јазик | 3 | 5 | 1 | 3 |
| Државјанство | 0 | 6 | 0 | 2 |
| Социјално потекло | 5 | 5 | 0 | 1 |
| Образование | 18 | 10 | 1 | 1 |
| Религија или верско уверување | 10 | 8 | 0 | 1 |
| Политичко уверување | 18 | 23 | 3 | 2 |
| Друго уверување | 39 | 29 | 0 | 0 |
| Попреченост | 5 | 10 | 1 | 2 |
| Возраст | 12 | 7 | 0 | 0 |
| Семејна или брачна состојба | 7 | 3 | 0 | 0 |
| Имотен статус | 3 | 5 | 0 | 0 |
| Здравствена состојба | 5 | 8 | 0 | 0 |
| Лично својство и општествен статус | 21 | 34 | 1 | 2 |
| Друга основа | 34 | 34 | 2 | 6 |

*Табела 1 – Број на поднесени претставки за секоја од основите според видот на подносител*

## Пријавени области на дискриминација

**Најмногу претставки за заштита од дискриминација во 2024 година, биле во областа на работата и работните односи, која е посочена во 39% од вкупниот број поднесени претставки** (Графикон 14).




*Графикон 14*

Потоа следат пријавите во областите членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство (16%), јавно информирање и медиуми (13%) и друга област (12%). Пријавена е дискриминација и во областите образование наука и спорт (9%), пристап до добра и услуги (8%), правосудство и управа (8), социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (6), домување (4%) и култура (1%). Не е означена област на дискриминација во 5 поднесени претставки. Целосниот преглед на бројот на претставки за секоја од пријавените области на дискриминација е прикажан на Графикон 15.




*Графикон 15*

Исто како и за основите, подносителите во пријавите означуваат повеќе области на потенцијална дискриминација и тоа е случај во 41 претставка, односно 10% од вкупно поднесените претставки. Такви се примерите со 4 претставки во кои се пријавени областите работата и работните односи и образование, наука и спорт, потоа во 3 претставки означени се областите образование, наука и спорт и пристап до добра и услуги, во 2 се пријавени областите работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, итн.

Работата и работните односи како најчеста пријавена област на дискриминација речиси подеднакво била означена во претставките на жените и мажите, со нешто повеќе претставки примени од жените (Табела 2). Жените почесто од мажите пријавиле дискриминација и во областите на јавно информирање и медиуми и членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, а мажите почесто од жените поднеле претставки за заштита од дискриминација во областите образование, наука и спорт, домување, пристап до добра и услуги и социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита.

| Број на претставки во секоја од пријавените области на дискриминација според подносителот на претставка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пријавена област / Вид на подносител | Физички лица | | | Правни лица | Вкупно |
| | Жени | Мажи | Нема податок за пол | | |
| Работата и работните односи | 73 | 69 | 7 | 10 | 159 |
| Образование наука и спорт | 11 | 22 | 2 | 3 | 38 |
| Социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита | 9 | 12 | 0 | 4 | 25 |
| Правосудство и управа | 12 | 13 | 1 | 5 | 31 |
| Домување | 3 | 10 | 1 | 3 | 17 |
| Јавно информирање и медиуми | 18 | 12 | 0 | 21 | 51 |
| Пристап до добра и услуги | 9 | 18 | 1 | 6 | 34 |
| Членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство | 38 | 25 | 0 | 1 | 64 |
| Култура | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 |
| Друга област | 18 | 21 | 3 | 6 | 48 |

*Табела 2 - Број на поднесени претставки во секоја од областите според видот на подносител*

## Постапки за заштита од дискриминација поведени по службена должност

Согласно член 21 став 1 точка 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, КСЗД поведува постапка за заштита од дискриминација по службена должност. Комисијата истата ја покренува ако од околностите и фактите, како и од сознанието добиено по допрен глас, основано произлегува дека е извршена дискриминација во согласност со дискриминаторските основи.

Согласно Законот, сите физички и правни лица, државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, други органи и организации кои вршат јавни овластувања и јавни установи и служби, се должни на барање на Комисијата да дадат податоци за конкретни случаи на дискриминација и општи практики на дискриминација во рок од осум дена од денот на прием на барањето. Во 2024 година, осум случаи го привлекоа вниманието на Комисијата активно да се вклучи во прибирање податоци и докази заради евентуално поведување на постапки за заштита од дискриминација по службена должност, и тоа:

- Барање податоци и информации од надлежни органи за потенцијална етничка дискриминација во пристапот до основно образование во врска со протестот во ООУ „Тодор Јанев“ во Општина Чашка против одлуката за формирање на паралелка на

албански наставен јазик организиран од група граѓани од населеното место Чашка, кој настан беше забележан во голем број медиуми

- Барање за прибирање на податоци и информации за можна сегрегација врз етничка основа кон учениците од турска националност во подрачното училиште „Алманах" во с.Дражилово при ООУ „Драга Стојановска" Сопиште, во врска со објава на електронскиот медиум Портал Х на 25.04.2024 година со наслов „*Во матурското табло нема место за учениците од турска националност*".
- Барање податоци и информации од надлежни институции за потенцијална етничка дискриминација врз жителите на с.Казандол Валандово кои се од турска етничка припадност во пристапот до јавни добра и услуги, во врска со објавата на електронскиот медиум „Анадолу Ажанси" со наслов „*Валандовското село Казандол во 21 век без вода и со нестабилна електрична мрежа*".
- Барање податоци од надлежни институции за можна дискриминација во пристапот до задолжително основно образование врз основа на попреченост, во врска со доцнењето во обезбедување на образовни асистенти кои се поддршка на наставниците во работата со учениците со попреченост, објавено како информација на 02.09.2024 година, во вестите на Телевизија 24 и нејзиниот веб портал www.24.mk со наслов „*Школската година почна без образовни и лични асистенти, родителите револтирани, министерката смирува*".
- Барање податоци и информации од надлежни институции за можна етничка дискриминација во пристапот до задолжително основно образование во ООУ „Раде Кратовче" од Кочани, во врска со објавената вест на интернет порталот www.radiokocani.mk со наслов „*Инцидент во ОУ „Раде Кратовче" – Има ли дискриминација на учениците од ромска националност?*"
- Барање информации од надлежни институции за потенцијална дискриминација врз етничка основа во областа на работните односи, во врска објавена вест на Портал Х за случај на отпуштање на вработени лица од албанска етничка припадност во ЈЗУ УК Клиничка биохемија - Скопје
- Барање податоци од надлежни институции за можна дискриминација во пристапот до задолжително основно образование во врска со информација добиена по допрен глас дека родители на ученици во ООУ „Лазо Ангеловски", општина Аеродром, Скопје протестираат и потпишуваат петиција со цел ученичка од истата паралелка да не посетува настава се додека не добие нов образовен асистент, откако претходниот дал отказ.
- Дополнително, во една претставка од 2024 година, се содржеа индикации за потенцијална дискриминација врз ученик во основно образование на кој училиштето (ООУ „Вера Циривири-Трена" во Скопје), според информацијата во претставката, не му дозволува да посетува настава. Со оглед дека подносителот на претставката немаше активна легитимација, КСЗД ги третираше наводите во претставката како

информации по допрен глас и се вклучи во прибирање дополнителни податоци заради евентуално поведување на постапка по службена должност.

Од овие осум настани, **КСЗД во 2024 година, оформи и поведе два предмети за заштита од дискриминација по службена должност и тоа, за случајот со доцнењето на обезбедување на образовни асистенти кои се поддршка на наставниците во работата со учениците со попреченост во основното образование и за потенцијалната сегрегација на учениците од ромска етничка припадност во ООУ „Раде Кратовче" од Кочани.**

За останатите шест предмети, до крајот на годината КСЗД не донесе одлука за поведување на постапка по службена должност, така што активностите продолжуваат во наредната 2025 година.

Покрај наведените две нови оформени постапки, **во 2024 година, КСЗД ја продолжи започнатата постапка по службена должност и за предметот кој беше оформен во претходната година за потенцијална индиректна дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во областа на образованието која произлегува од одредби во Куќниот ред на СОУГ „Мирче Ацев" од Прилеп**, а се однесуваат на надворешен изглед на учениците. Така што, во 2024 година, КСЗД работеше и одлучуваше по **вкупно три постапки за заштита од дискриминација по службена должност**.

## Одлучување на Комисијата по предмети за заштита од дискриминација

За претставките кои се поднесени уредно, навремено и во согласност со Законот, Комисијата спроведува постапка за утврдување на дискриминација која завршува со донесување на правно мислење со кое се утврдува или не се утврдува дискриминација, во спротивно се носи одлука за отфрлање, непостапување или запирање на постапката.

Во 2024 година, КСЗД работеше на вкупно 485 предмети за заштита од дискриминација и на одржани 24 седници донесе **316 одлуки** по истите. Од причина што за дел од претставките кои претставуваа повеќекратни пријави за иста правна работа, КСЗД постапуваше и одлучуваше во единствена постапка, се укажува дека со донесените 316 одлуки во 2024 година, се **затворени вкупно 375 предмети** за заштита од дискриминација. Постапката за преостанатите 110 претставки продолжува во наредната 2025 година.

Во 2024 година, од вкупно донесените 316 одлуки**, 152 или 48% се мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација и 164 или 52% се заклучоци за отфрлање на претставката, односно за непостапување или запирање на постапката** (Графикон 16).




*Графикон 16*

**Донесените заклучоци на КСЗД со кои се отфрлија дел од претставките, односно се одлучи да не се постапува или се запре на постапката, во најголем дел се заради неуредност на поднесокот (72 или 44%) и заради ненадлежност на Комисијата да постапува (63 или 38%)**. На Графикон 17 е даден детален преглед на бројот на ваквите заклучоци според основот за одлучување согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата вложува ресурси со цел да го подобри и поедностави процесот на поднесување на претставки преку давање стручна консултација на заинтересирани граѓани во простории на Комисијата или преку разните воспоставени канали на комуникација (телефонски и на е-пошта), потоа преку споделување информации во јавноста, одржување информативни средби и обуки, како и технички подобрувања на електронско поднесување на претставки. За сите претставки за кои КСЗД не можеше да спроведе постапка, доставен е образложен одговор до подносителите и давани се општи информации и насоки до кој јавен орган да се обратат за остварување на нивните права.




*Графикон 17*

**Во однос на предметите по кои се спроведе постапка за утврдување на дискриминација и се донесе мислење во 2024 година, во 56 случаи или 37% се утврди дискриминација, а во 96 случаи или 63% не се утврди дискриминација** (Графикон 18).




*Графикон 18*

## Утврдена дискриминација во 2024 година

Во 2024 година, Комисијата донесе 56 мислења со кои се утврди дискриминација и даде препораки за нивно отстранување. Најмногу од утврдените случаи се по претставки поднесени од физички лица (35 мислења или 63%), а потоа следат утврдените случаи по претставки на правни лица (18 мислења или 32%), како и постапките на КСЗД поведени по службена должност (3 мислења или 5%). Од мислењата по претставките поднесени од физички лица, 30 или 86% се однесуваат на утврдена дискриминација врз лицето кое е

подносител на претставката, а во останатите 5 случаи или 14% се утврди дискриминација врз деца на подносителите.

## Видови дискриминација во случаите утврдени во 2024 година

Во мислењата на КСЗД донесени во 2024 година, дискриминацијата најчесто била утврдена во еден конкретен облик (49 случаи или 87,5%), но во одредени случаи утврдено е дека жртвите биле изложени на дискриминација во повеќе различни форми (7 случаи или 12,5%). **Најприсутен вид е директната дискриминација утврдена во 33 мислења или 59% од вкупниот број случаи** (Графикон 19).

Од утврдените случаи во 2024 година речиси 6 од 10 се директни форми на дискриминација




*Графикон 19*

Во 9 од утврдените 33 случаи на директна дискриминација (27%) истата е во потежок облик, од кои во 4 како интерсекциска дискриминација, а останатите се во форма на продолжена, и повеќекратна дискриминација (Графикон 20). Во 3 случаи покрај директна дискриминација се утврди дека дискриминаторот сторил и вознемирување, виктимизација и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, а во еден од случаите КСЗД утврди директна дискриминација во форма на сегрегација.

27% од случаите на директната дискриминација се во потежок облик, а во 1 случај се утврди во форма на сегрегација




*Графикон 20*

**Вознемирувањето врз дискриминаторски основи е вториот најчест вид на дискриминација во 2024 година, утврден во 14 случаи или 25%** (Графикон 21). Покрај во двата претходно спомнати случаи на директна дискриминација, утврдено е и во осум случаи како еден конкретен облик, потоа во два случаи заедно со повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, во еден случај заедно со повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и виктимизација и во последниот, како вознемирување и виктимизација. Од друга страна, **повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е утврдена во 8 случаи или 14%**, и тоа присутна во еден случај на директна дискриминација и три случаи на вознемирување, но е утврдено и како примарен облик на дискриминација во четири други случаи. **Виктимизација е утврдена во три случаи во 2024 година** и тоа, во еден случај на продолжена дискриминација по перцепција, вознемирување и виктимизација, еден случај на вознемирување и виктимизација и еден случај на вознемирување, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и виктимизација.




*Графикон 21*

**Индиректна дискриминација е утврдена во 7 од вкупниот број случаи или 11%,** од кои во три случаи се утврди како дискриминација во потежок облик – два како индиректна повеќекратна дискриминација и еден случај на индиректна продолжена дискриминација која доведува до сегрегација (Графикон 22). Индиректната дискриминација утврдена во 2024 година, во четири случаи произлегува од одредби во закони, во еден случај од одредби во подзаконски акт, а останатите два се за одредби во донесени интерни акти. Предмет на стручни мислења во кои КСЗД утврди индиректна дискриминација по поднесени претставки во 2024 година, беа одредби во Законот за основното образование, Законот за високото образование, Законот за културата и Законот за административните службеници, потоа Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи, а од интерните акти тоа беа одредби во донесените Куќни редови во три средни училишта.




*Графикон 22*

**Потешките форми на дискриминација**, како интерсекциска, продолжена или повеќекратна дискриминација, се утврдени во 12 случаи, што е 21% од вкупниот број утврдени случаи на дискриминација во 2024 година (Графикон 23).




*Графикон 23*

## Основи на дискриминација во случаите утврдени во 2024 година

**Националната или етничката припадност е најчесто утврдена основа за дискриминација во мислењата на Комисијата во 2024 година, и тоа во 25% од вкупно утврдените случаи.** Потоа следуваат основите: лично својство и општествен статус (17%), друга основа (18%), род (16%), родов идентитет (14%), сексуална ориентација (13%), политичко уверување (13%) и попреченост (9%). Утврдена е дискриминација и врз 10 други основи на дискриминација кои се застапени во помалку од 5% во донесените мислења на Комисијата. Целосниот преглед на бројот на мислења во кои била утврдена секоја од основите на дискриминација е даден на Графикон 24.




*Графикон 24*

Во однос на мислењата со утврдена *друга основа на дискриминација* и основата *лично својство и општествен статус*, во 5 случаи како основа е наведено својството *членување или нечленување во синдикална организација*, а во останатите мислења се наведени и следните: мајчинство, планирана бременост, забавен моторички развој, проблем со говор и дислексија, место на живеење, статус на административни службеници вработени во институции од јавниот сектор со мал број на административни службеници, степен на образование, стручна подготовка и работно искуство, вид на заснованиот работен однос и оневозможување на пристап до работно место.

Во 23 случаи или 41% од донесените мислења, Комисијата утврди дискриминација врз две и повеќе основи. Етничката припадност, во 8 од вкупно донесените 14 мислења, е утврдена заедно со некоја друга основа (боја на кожа, раса, јазик, социјално потекло, имотен статус и други), од кои во 2 случаи како дискриминација во потешка форма, и тоа интерсекциска дискриминација врз основа на етничка припадност и род, како и повеќекратна и продолжена дискриминација по перцепција врз основа на етничка и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост. Дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како случај на дискриминација врз две основи, е утврдена во 5 мислења. Посебно ги издвојуваме и утврдените 4 случаи на интерсекциската дискриминација, како дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани, и тоа врз основа на пол, род и мајчинство, потоа врз основа на пол, род

и планирана бременост, врз основа на род и етничка припадност и врз основа на род и религија или верско уверување.

## Области на дискриминација во случаите утврдени во 2024 година

Како во минатата година, во мислењата КСЗД во 2024 година, **најчесто е утврдена дискриминација во областа на работата и работните односи и тоа во 24 случаи или 43% од вкупниот број донесени мислења.** Потоа следат случаите на дискриминација утврдена во областа образование, наука и спорт (11 мислења или 20%) и јавно информирање и медиуми (11 мислења или 20%). Целосниот преглед на бројот на мислења според утврдената област е даде на Графикон 25.




*Графикон 25*

Во 7 од донесените 56 мислења, Комисијата утврди дека дискриминацијата била сторена во две области, од кои 3 случаи на дискриминација во областа на работата и работните односи и членувањето и дејствувањето на синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, потоа 3 случаи на дискриминација во областа на работата и работните односи и образование, наука и спорт и 1 случај на дискриминација во областа на домување и социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита.

Исто како и во претходната година, **најголем број утврдени случаи на дискриминацијата во 2024 година, се во институциите на јавниот сектор (37 случаи или 66%),** а како

сторители се посочени институциите, раководните и други овластени и вработени лица во истите, како и одредени прописи кои што ја уредуваат надлежноста, односно вршењето на дејноста на институциите.




*Графикон 26*

Дискриминацијата во институциите од јавниот сектор најчесто е утврдена во областа на **работата и работните односи** кон вработени во институциите (како дискриминација или вознемирување на работно место) и во постапките за пополнување на работно место по оглас за вработување или унапредување (дискриминација во пристапот до вработување). Најголем број од случаите на дискриминација во работните односи во институции на јавниот сектор се утврдени врз основа на политичко уверување, потоа врз основа на членување или нечленување во синдикална организација, а утврдена е и врз основа на попреченост, образование и други основи, како и еден случај на интерсекциска дискриминација врз основа на пол, род и мајчинство. КСЗД утврди и индиректна дискриминација во областа на науката и работните односи, која произлегува од Законот за високото образование и резултира со неможност вработените во приватните здравствени установи кои се избрани во наставно-научно, наставностручно, наставно и соработничко звање да вршат високообразовна и научноистражувачка дејност во јавна високообразовна установа заради видот на заснованиот работен однос.

Втора најчесто утврдена област на дискриминација во јавниот сектор е **образованието**. Утврдени се случаи на сегрегација врз етничка основа кон ученици од ромска етничка припадност која индиректно произлегува од одредби во Законот за основното образование, како и случај на директна дискриминација-сегрегација во која сторител е основно училиште во Кочани. Исто така, се утврдија и случаи на индиректна дискриминација кон ученици во три средни училишта врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотен статус која произлегува од одредби на куќниот ред на училиштата, како и случаи на директна

дискриминација или вознемирување сторена од училиштата и лица вработени во истите кон ученици врз основа на род, лично својство и општествен статус, и случај на повеќекратна продолжена дискриминација по перцепција врз етничка и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост. Во постапка поведена по службена должност КСЗД утврди дискриминација сторена од Министерството за образование и наука кон група ученици со попреченост заради доцнењето во обезбедување на образовни асистенти.

Во областа на **правосудство и управа** утврдени се два случаи на дискриминација кон жителите од турска етничка припадност врз основа на јазик во општините Василево и Карбинци заради неусогласеност на работењето на општините со Законот за употреба на јазиците. Дискриминација врз основа на јазик и етничка припадност се утврди и во процесот на издавање на лични документи, сторена од страна на Министерството за внатрешни работи врз граѓаните на РСМ од турска етничка припадност. Исто така се утврди и случај на дискриминација врз етничка и расна припадност сторена од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција кон малолетно лице од ромска етничка припадност.

Во областа на **пристап до добра и услуги кои ги даваат институциите на јавниот сектор** се утврдени два случаи, од кои еден врз основа на боја на кожа и етничка припадност од страна на ЈСП-Скопје кон жители на град Скопје од ромска етничка припадност и еден случај на директна дискриминација врз основа на место на живеење во областа на пристапот до добра и услуги сторена од страна на Општина Аеродром кон жителите на населбите во рамки на Општина Аеродром кои немаат зонско паркирање - (Населба) Лисиче, Ново Лисиче, Реонски центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче.

Од останатите случаи на дискриминација сторена од институции на јавниот сектор е утврдената директна дискриминација во областа на **домување и социјална заштита** сторена од страна на општината и други надлежни државни органи кон жители на населбата Тунел-бараки во Општина Велес, потоа утврдената индиректна дискриминација кон носители на државни награди од областа на **културата** врз основа на друг статус која произлегува од одредби во Законот за измени и дополнување на Законот за културата, понатаму, еден случај на дискриминација во областа на **детската заштита** сторена од страна на детска градинка во Скопје кон малолетно лице врз основа на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба, како и утврденото вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на етничка припадност во областа **јавно информирање и медиуми** сторено од страна на Општина Карпош и градоначалникот на општината кон група на лица Роми.

**Дискриминација приватниот сектор е утврдена во 9 случаи или 16% од вкупно донесените мислења**, и тоа во областа на работата и работните односи, како и заради одбивање или попречување до пристапот на нивните услуги врз дискриминаторска основа. **Во областа на работата и работните односи во приватниот сектор се утврдени 5 случаи или 26%,** од кои во два е утврдена интерсекциска дискриминација врз жени работнички на кои им бил прекинат работниот однос - првиот врз основа на пол, род и планирана бременост на работничка, а вториот врз основа на род и етничка припадност кон шест жени Македонки.

Во останатите три случаи, еден е за дискриминација врз основа на раса и национална или етничка припадност во пристапот до вработување на граѓанин од ромска етничка припадност, друг е за вознемирување кон вработено лице врз основа на сексуална ориентација и последниот е за дискриминација врз политичко уверување во пристап до работно место. **Во областа на пристап до добра и услуги во приватниот сектор утврдени се 3 случаи**, и тоа еден случај на интерсекциска дискриминација кон жена од муслиманска вероисповед на која не и бил дозволен влез во ресторан во Скопје врз основа на род и религија или верско уверување, потоа еден случај на дискриминација во пристапот до услуги на кафуле во Штип на лице од ромска етничка припадност врз основа на национална или етничка припадност и боја на кожа, како и случај на дискриминација кон малолетно дете во пристапот до услуги на игротека во Скопје врз основа на ментална и телесна попреченост. Последниот утврден случај на дискриминација во приватниот сектор е во областа на **правосудство и управа** сторена од страна на Лекарската комора, кон граѓанка врз основа на род, која одбила да го стави името на нејзината мајка во лиценцата за работа, инсистирајќи дека мора да стои името на таткото.

**Дискриминацијата во медиумите и социјалните мрежи е утврдена во 10 случаи или 18% од вкупниот број донесени мислења на КСЗД во 2024 година**, и тоа како вознемирувачки или говор врз дискриминаторски основи со кои се повикува, поттикнува и дава инструкција за вознемирување или дискриминација. Од донесените 10 мислења, Комисијата во 6 случаи утврди вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација кон ЛГБТИ+ лицата, во 2 случаи се утврди вознемирување врз етничка основа кон граѓаните од бугарска припадност, еден случај е за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација кон припадници на ромската етничка заедница и странци на привремена работа во РСМ, како и еден случај на вознемирување врз етничка основа кон Македонците сторена за време на подкаст емитуван на „Јутјуб“ канал кој го администрира здружение на граѓани.

## Статус на исполнување на препораките на Комисијата

Во согласност со член 21 став 1 точка 17 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сè до исполнување на дадените препораки. Лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката или во подолг рок доколку постојат особено оправдани причини, но не подолго од шест месеци, како и за тоа да ја извести Комисијата. Доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката, Комисијата поднесува барање за покренување прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

КСЗД го следеше исполнување на препораките содржани во мислењата на случаите утврдени во тековната година, како и на оние утврдени во претходната, а чиј рок за постапување истекуваше во 2024 година. Во извештајниот период, **Комисијата констатираше дека се исполнети препораките, односно отстранета е дискриминацијата**

**во вкупно 31 случаи**, од кои 26 се однесуваат на препораки упатени во 2024 година и 5 за препораки упатени во 2023 година.

Заради непостапување по упатените препораки, **Комисијата до надлежниот суд поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за 10 случаи на утврдена дискриминација**, од кои 3 за случаи утврдени во 2024 година и 7 за случаи на дискриминација утврдени во 2023 година, за кои рокот за постапување истече во 2024 година.

Од предметите за кои судот поведе прекршочна постапка, **во 2024 година, донесена е обвинителна пресуда за 2 случаи на утврдена дискриминација затоа што лицата не постапиле по препораката упатена од КСЗД.**

Комисијата во наредната година продолжува да учествува на судските рочишта за предметите за кои судот по барање на КСЗД поведува прекршочна постапка и го следи извршувањето на препораките и за преостанатите мислења чиј рок за постапување истекува во 2025 година.

## Вклучување на КСЗД во судска постапка како замешувач и како пријател на судот „amicus curiae“

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има надлежност да поведува и се јавува како замешувач во судски постапки за заштита од дискриминација, а исто така на барање на странката или по сопствена иницијатива може да поднесе барање судот да му овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae). **Во 2024 година, Комисијата одлучи позитивно и поднесе барање до судот да се вклучи во судска постапка како пријател на судот („amicus curiae“) по две барања поднесени од странки.**

Во првиот предмет, се работеше за **барање за вклучување на Комисијата во судска постапка по поднесена тужба од јавен интерес (actio popularis) пред Основниот граѓански суд Скопје, против Министерство за правда-Управата за водење на матичните книги, од страна на тужителите Европски Центар за правата на Ромите (ЕЦПР) и Македонското здружение на млади правници-МЗМП Скопје.** Тужбата е поднесена со барање да се утврди дека тужениот сторил повреда на правото на еднаков третман на лицата евидентирани во посебната матична книга на родени кои се стекнале со идентификациска исправа со непостапување, односно неспроведување постапка по службена должност за дополнителен упис согласно Законот за матична евиденција. Со тоа тужениот сторил директна продолжена и повторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, етничка припадност, лично својство и општествен статус врз сите лица евидентирани во посебната матична книга на родени кои се стекнале со идентификациска исправа, и индиректна продолжена и повторена дискриминација врз основ на етничка припадност, врз сите Роми евидентирани во посебната матична книга на родени кои се стекнале со идентификациска исправа. Со оглед дека со цитираната тужба се адресира системски проблем кој опфаќа поголема категорија на луѓе КСЗД поднесе барање за вклучување во судска постапка како пријател на судот.

Вториот предмет, се однесуваше на **барање за вклучување на Комисијата во судска постапка како пријател на судот по поднесена тужба за заштита од дискриминација до Основен суд Битола против лице од Битола за сторена повеќекратна, продолжена и повторена дискриминација и вознемирување врз ЛГБТИ лицата на социјалните мрежи**, со барање да се утврди дека тужениот го повредила правото на еднакво постапување кон ЛГБТИ заедницата, односно извршила потежок облик на дискриминација, повеќекратна, продолжена и повторена дискриминација и вознемирување со објавување на текстови на социјалната мрежа „Фејсбук" со дискриминаторски и вознемирувачки содржини. За истото лице и за истата повреда Комисијата претходно во два наврати водеше постапки и утврди дискриминација – во првиот случај, продолжено и повторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет, личен и општествен статус насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на социјалните мрежи, а во вториот случај, повикување и поттикнување на вознемирување врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација насочено кон ЛГБТИ+ лицата во областа на јавното информирање и медиуми – и препорача лицето јавно да се извини за сторената дискриминација, а воедно и да се воздржи од објавување на вознемирувачки, дискриминаторски и содржини кои повикуваат или поттикнуваат дискриминација, како и да внимава на коментари со вознемирувачка содржина како одговор на објавите и доколку ги има истите да ги отстрани. Со оглед дека со тужбата на барателот за заштита од дискриминација се адресира продолжена, повеќекратна и повторена дискриминација како потешки облици на дискриминација, а имајќи предвид дека лицето не постапи по препораките во мислењата на двете претходно водени постапки пред Комисијата, КСЗД поднесе барање за вклучување во судска постапка како пријател на судот.

Во однос на барањата поднесени од странките, Комисијата одлучува да поднесе барање до судот да се вклучи во судска постапка како замешувач, односно како пријател на судот доколку тоа е во согласност со стратешките приоритети и интереси на Комисијата кои се предвидени со стратешките документи, доколку се работи за системски проблем или дискриминација кон поголема група на лица, потоа дискриминација во потежок облик која е сторена повторно и спротивно на препораките упатени во претходна спроведена постапка пред Комисијата, а имајќи во предвид тоа да не се одрази на ефективното функционирање на институцијата со оглед на недостатокот на човечки капацитети. Во 2024 година, за две поднесени барања од странки КСЗД одлучи да не се вклучи во судска постапка како замешувач, односно како пријател на судот и соодветно и аргументирано за истото ги извести барателите.

Во ноември 2023 година, Основниот граѓански суд Скопје донесе пресуда со која го усвои тужбеното барање на тужителот Здружение Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје против Владата на РСМ, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Државниот просветен инспекторат, Општина Битола и Општина Штип дека сториле дискриминација – сегрегација врз децата Роми во образовниот процес поради непреземање на соодветни активности за уредување на начинот на реонизација со цел избегнување на можна сегрегација, потоа за контрола на

одлуките за реонизација донесени од општините, за начинот на спроведување на овие одлуки во пракса и за начинот на запишување на децата Роми во училиштата. Во оваа судска постапка по тужба од јавен интерес (actio popularis), која започна во 2022 година, КСЗД дејствуваше како пријател на судот. Во 2024 година, КСЗД доби известување дека против првостепената пресуда на Основниот граѓански суд Скопје е поднесена жалба до Апелациониот суд Скопје.

# Превентивни и други активности на КСЗД

## Претседателски и парламентарни избори во 2024 година

Во март 2024 година, во пресрет на претседателските и парламентарните избори кои се одржаа во април и мај истата година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на прес-конференција упати апел, а потоа и институционално писмено се обрати до надлежните институции, да се исполнат препораките за отстранување на дискриминацијата врз различни групи на граѓани во процесот на остварување на избирачкото право, и тоа:

- Препораките во мислењето на КСЗД донесено во август 2021 година, во кое се утврди директна дискриминација извршена од страна на Државната изборна комисија и индиректна дискриминација која произлегува од одредбите на Изборниот законик, врз основа на возраст, во остварување на гласачкото право на лицата кои наполниле 18 години меѓу два изборни круга на претседателските избори во 2019 година. Овие лица заради одредбите од изборниот законик не можеле да бидат запишани во избирачкиот список помеѓу двата изборни круга, а со тоа биле спречени да го остварат уставно загарантираното право на глас.
- Препораките од мислењето на КСЗД донесено во септември 2021 година, со кое се утврди индиректна повеќекратна дискриминација по основ на личен статус, возраст, здравствена состојба во областа на остварувањето на избирачкото право кон граѓаните кои за време на изборите се сместени во здравствени установи. Во овие два случаи, Комисијата препорача измени и дополнување на Изборниот законик со цел овозможување на уставно загарантираното право на глас на овие категории граѓани.
- Понатаму, општата препорака на КСЗД од 3 декември 2021 година, со која и препорача на Државната изборна комисија да ги преземе сите потребни дејствија во насока на обезбедување на пристапност и соодветно приспособување на гласачките места, со што ќе се овозможи еднаков пристап на лицата со попреченост до и во гласачките места ширум земјата. Овие мерки и дејствија треба да обезбедат гласачките процедури, објекти и материјали да се соодветни, пристапни и разбирливи за лицата со попреченост, со цел остварување на правото на учество во јавниот и политичкиот живот на лицата со попреченост на еднаква основа со другите.

Иако во изминатиот период Изборниот законик претрпе измени во скратена постапка и постоеше можност за исполнување на препораките, Комисијата констатираше дека непосредно пред одржување на уште еден циклус избори, како национално тело за спречување и заштита од дискриминација, нема официјално добиено информација од надлежните институции дали се направени измените во споменатите препораки.

Исто така, КСЗД апелираше Министерството за труд и социјална политика навремено и ажурно да достави податоци до Државната изборна комисија за сите лица кои се сместени

во јавните и приватните установи за социјална заштита на стари и изнемоштени лица и лица со попречености  со цел остварување на нивното избирачко право. Воедно КСЗД потсети, дека со процесот на деинституционализација, околу 300 лица живеат во нов облик на заштита, односно живеење со поддршка во станбени единици, а кои со решението за сместување сè уште се водат како лица згрижени во установите за социјална заштита на лица со попреченост (на адресите на Специјален завод Демир Капија, Завод за заштита и рехабилитација на деца и младинци – Скопје, Завод за заштита и рехабилитација „Бања банско"- Струмица). Со цел непречено остварување на избирачкото право на овие лица, на еднаква основа со другите, КСЗД апелираше до ДИК да обезбеди алтернативни гласачки места во местата на моменталните престојувалишта на овие лица, како и да се почитуваат одредбите од членот 29 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Како дополнителна активност, Комисијата изработи прилагоден образец за поедноставено пријавување вознемирувачки говор на социјалните мрежи и медиумите кој беше достапен на интернет страницата на КСЗД. Исто така, КСЗД во соработка со МЦМС изработи видео пораки за подигнување на свеста за фер и изборен процес без дискриминација и говор на омраза, а во предизборниот период спроведе и мониторинг на говорот на омраза во медиумите во кој се евидентирани повеќе од 50 случаи на дискриминаторски и навредливи изјави од политички претставници. Од аспект на превентивните активности изврши мониторинг на пристапноста до гласачките места, кој од анализата на спроведувањето на препораките за пристапност до изборните места, откри дека 40% од избирачките места сè уште не се пристапни.

## Превентивни активности со Германската агенција за меѓународна соработка - ГИЗ Северна Македонија

Со поддршка на КСЗД и Германската агенција за меѓународна соработка во Скопје (ГИЗ), Центарот за современа уметност и култура – АТО од Битола ја подготви **претставата „8%?"**. Претставата е работена според истражување и интервјуирање на лица од различни градови во државата кои биле изложени на дискриминација, семејно насилство и системски неправди и ги истакнува предизвиците на лицата кои што се соочуваат со повеќеслојна дискриминација во нивниот секојдневен живот. Освен актерите, во претставата се појавуваат и вистински личности кои пред публиката ги споделува нивните непријатни лични искуства. Претставката „8%?" имаше две изведби во Скопје (во Театарот за деца и младинци и во Албанскиот театар), а се изведе и во Штип, Битола, Кавадарци и Демир Хисар, ширејќи ја својата порака која гласеше: „Системот сме ние и ние го градиме системот. Одговорни сме сите!".

## Превентивни активности со Мисијата на ОБСЕ Скопје

Како дел од заедничките активности помеѓу КСЗД и Мисијата на ОБСЕ во Скопје во 2024 година, Мисијата спроведе Партиципативна родова ревизија на Комисијата во целост (ПРР). Целта на ПРР беше да се процени степенот во кој полот и родот се вклучен во тековното работење на КСЗД, од аспект на политики, проекти, програми, буџети, организациска

структура и култура, внатрешни практики и процедури, и промовирање на организациско учење на поединечните сектори и одделенија и на организациско ниво во Комисијата. Активностите во КСЗД се спроведоа во фази според партиципативната методологија за самооценување развиена од Меѓународната организација на трудот, со поддршка на две национални експертки сертифицирани за спроведување на ПРР кои ги обезбеди ОБСЕ. Ревизијата резултираше со Извештај кој ги наведе препораките за внатрешни и надворешни подобрувања на КСЗД во однос на вклучувањето на родовите аспекти во главните политики и различностите.

## Превентивни активности со АДИ – Гостивар и ХОПС Скопје

Во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката" спроведуван од страна на Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и ХОПС-Опции за здрав живот Скопје, а финансиски е подржан од Европската Унија, се изработи **Методологија за собирање на податоци за мерење на дискриминација во земјата**, како и видовите податоци и изворот на податоци за мерење на дискриминацијата, кои се разликуваат од официјалната статистика, административните податоци, анкетите, тестирањето на ситуацијата и други. Во рамки на проектот се реализираа повеќе работилници со засегнати страни во однос на дефинирање на **најрелевантните категории податоци (индикатори за мерење на дискриминацијата) за секоја од областите**, кои треба да влезат во образец за доставување на сегрегирани податоци на дискриминација, кои сите институции, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, се должни да ги собираат и доставуваат до КСЗД.

## Превентивни активности со Институтот за фундаментални и човекови права „Лудвиг Болцман" Австрија

Комисијата, со поддршка на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" финансиран од Европската унија и имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права, го организираше првото издание на **„Разговори за еднаквост"**. Преку овој годишен настан, КСЗД цели да создаде отворен простор за широк дијалог за поголеми, системски или структурни прашања кои ова тело ги има идентификувано како клучни предизвици во врска со еднаквоста и недискриминацијата во државата. **Фокусот на првото издание на „Разговорите за еднаквост" беше инклузивното образование** и него го отворија Игор Јадровски, претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Весна Јаневска, министерка за образование и наука, и Барбара Лигл, раководителка на компонентата 4 од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото". На настанот беа одржани панели и дискусии со претставници и претставнички од домашни институции, невладини и меѓународни организации, универзитетски професори и просветни работници и работнички, разгледувајќи ги предизвиците за инклузивноста, особено во однос на лицата со попреченост, Ромите, ЛГБТИК заедницата и родово-сензитивното образование. КСЗД уште еднаш истакна дека образованието е една од нејзините клучни стратешки области и повика на вложување во инклузивно и квалитетно

образование со цел превенција на создавање на стереотипи и предрасуди од најмала возраст и изградба на поеднакво и поправедно општество, ослободено од дискриминација. Извештајот од настанот во целост е јавно објавен на интернет страницата на КСЗД: Разговори за еднаквост: Инклузивно образование

## Превентивни активности по сопствена иницијатива

Во август 2024 година, КСЗД по добиени информации од граѓански организации, достави известување до Министерството за образование и наука во врска со заштита од дискриминација на наставничките во основните и средните училишта кои се бремени работнички или користат отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство, а кои се вработени со договори за вработување на определено време. Информациите се однесуваа на тоа дека оваа категорија работнички, вработени во училиштата, се под ризик од истекување на договорите за вработување на определено време со завршување на учебната година на 31.08.2024 година и со тоа е неизвесна судбината на нивните работни односи. Комисијата го упати истото известување со цел МОН, во рамки на неговите законски надлежности, соодветно да постапи, и оваа категорија на работнички да добијат соодветна заштита, односно да се спречи престанок на нивните работни односи поради околности поврзани со бременост или родителство.

## Меморандуми за соработка со институции и организации

Во 2024 година, КСЗД продолжи да ја развива соработката со државни институции и организации од граѓанскиот сектор и во таа насока потпишани се четири нови меморандуми за соработка, и тоа:

- Во јануари 2024 година, КСЗД потпиша Меморандум за соработка со Институтот за фундаментални и човекови права „Лудвиг Болцман“ Австрија за имплементација на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ (2023-2026)
- Во јануари 2024 година, Комисијата потпиша Меморандум за соработка со Граѓанското здружение „Асоцијација за демократска иницијатива“ од Гостивар во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката” спроведуван од страна на Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и ХОПС- Опции за здрав живот Скопје, а финансиски е подржан од Европската Унија во рамките на програмата за грантови „Поддршка на граѓанското општество”, Европскиот инструмент за демократија и човекови права ( ЕИДХР) 2021
- Во март 2024 година, КСЗД и Здружението на граѓани „Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби“ од Скопје склучија Меморандум за соработка за промовирање на правата на децата/лицата со попреченост и нивните семејства, промоција, заштита и превенција на еднаквоста и овозможување на системски промени за нивно вклучување во сите социјално-општествени процеси согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Меѓу другото, со овој Меморандум договорено е покренување заеднички иницијативи за унапредување на правната рамка која гарантира еднаквост и забрана на дискриминација на лицата со

попреченост, обезбедување на програми за подигање на јавната свест за отстранување и надминување на постоечките стереотипи кон овие лица, но и размена на информации во врска со унапредувањето на правата на лицата со попреченост.

- Во август 2024 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Кабинетот на претседателката на Република Северна Македонија, потпишаа Меморандум за соработка, со цел, преземање координирани активности во насока на промоција на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација и обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за сите граѓани на државата. Согласно Меморандумот, двете институции за согласија заеднички да соработуваат во однос на промотивни активности и кампањи за спречување и заштита од дискриминација, обезбедување обуки и тренинзи од Комисијата за вработените во Кабинетот на претседателката за сензибилизирање и градење капацитети за недискриминација и еднаквост, покровителство на претседателката при организирање јавни дебати и тркалезни маси за носење или измени на закони и политики во насока на унапредување на еднаквоста, но и користење на Народните канцеларии на претседателката за организирање активности и настани на Комисијата.

Покрај склучените меморандуми, КСЗД достави барање за остварување на средба и конкретизирање на соработката и со:

- Министерството за локална самоуправа, заради потпишување на Меморандум за соработка и иницирање и решавање на проблемот со урбанизација на населените места каде живее претежно ромско население
- Министерството за финансии, заради Буџет на КСЗД, планот за вработување и реализација на Колективниот договор, како и потпишување на Меморандум за соработка
- Собранието на РСМ, заради соработка околу исполнување на општите препораки донесени од КСЗД и соработка за исполнување на препораките кои се однесуваат на законски измени и дополнувања, потоа усвојување на годишните извештаи на Комисијата и буџетската независност на КСЗД, како и потпишување на Меморандум за соработка
- Министерството за транспорт и врски, заради потпишување на Меморандум за соработка и иницирање и решавање на проблемот со урбанизација на населените места каде живее претежно ромско население
- Министерството за јавна администрација, заради иницирање и потпишување на Меморандум за соработка и одобрување на годишните планови на КСЗД за вработување
- Министер без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Шабан Салиу

## Меѓународно известување и застапување

Во 2024 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), во соработка со Европскиот центар за права на Ромите (ЕЦПР), поднесе писмена комуникација до Комитетот на министри на Советот на Европа, согласно со Правило 9.2, укажувајќи на неисполнувањето на пресудата Серија Елмазова и други против Северна Македонија. Во поднесокот беше нагласена континуираната сегрегација на ромските ученици во училиштата и беше упатен повик до Владата да усвои сеопфатни мерки за десегрегација, вклучувајќи развој на акциски план, системи за мониторинг на податоци и насочени образовни програми за поддршка. Дополнително, КСЗД во комуникацијата ја нагласи потребата за законски измени, зајакнување на капацитетите на локалните власти и унапредувањето на учеството на засегнатите страни, со цел целосна интеграција на ромските ученици. Оваа иницијатива е во согласност со поширокиот мандат на КСЗД за спречување на дискриминацијата и унапредување на еднаков пристап до образование, зајакнувајќи ја одговорноста во спроведувањето на пресудата.

## Мислења и препораки по закони

Комисијата е централно национално тело за спречување и заштита од дискриминација, а една од клучните надлежности е да дава мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација, односно да придонесува во измените и дополнувањата на законската рамка, со цел усогласување на истата со Законот за спречување и заштита од дискриминација на начин на кој законите ќе вклучуваат одредби за заштита и превенција од сите форми на дискриминација.

Во 2024 година, Комисијата препорача надлежните органи да започнат постапки за изменување и дополнување на одредени закони кои во постоечката форма предизвикуваат нееднаквост и дискриминација на различни групи на граѓани. Предмет на стручно мислење по поднесени претставки беа Законот за административните службеници, Законот за културата и Законот за високото образование, а Комисијата достави свои мислења и по предлог-Законот за средното образование и предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование кои ги подготви Министерството за образование и наука.

Во однос на **предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование** КСЗД изрази незадоволство оценувајќи дека предложените измени се недоволни за спречување на сегрегацијата на децата Роми, како што налага пресудата на Европскиот суд за човекови права „Елмазова и други против Северна Македонија". Комисијата предупреди дека предложените законски одредби повторно дозволуваат исклучоци од правилото за запишување во најблиското училиште, што дополнително ја одржува сегрегацијата. Дополнително, измените негативно влијаат врз инклузијата на децата со попреченост, родовата еднаквост и заштитата од насилство и дискриминација на младите со различна сексуална ориентација и родов идентитет. КСЗД уште еднаш потсети на донесените мислења со кои се утврдува дискриминација врз основа на попреченост во

основното образование, односно доцнењето во обезбедување образовни асистенти за сите ученици на кои им е препорачана образовна асистенција, како и препораката Министерството да ја разгледа можноста образовните асистенти кои покажале солидни резултати да бидат вработени на неопределено време. Загрижува и тоа што се бришат термините „родова еднаквост", „сексуална ориентација" и „родов идентитет" како дискриминаторски основи, што е во спротивност со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Исто така, со предложените измени, родителите добиваат целосна одговорност за одредување на најдобриот интерес на детето, без учество на стручни лица, што е спротивно на Конвенцијата за правата на детето. Комисијата истакна дека образованието е клучна област во која се потребни темелни законски и политички реформи, како и значителни инвестиции за обезбедување инклузивно образование. Интегрално мислењето на КСЗД по повод Предлог измените и дополнувања на Законот за основно образование од април 2024 година, а во врска со спроведување на пресудата Елмазова и други против Северна Македонија е објавено на интернет страницата: https://kszd.mk/wp-content/uploads/2024/04/mislenje-KSZD-ZOO-Elmazova.pdf

Забелешките на Комисијата во однос на **предлог-Законот за средното образование** беа во насока на зајакнување на заштита од дискриминација и промовирање на еднаквоста во средното образование, а исто така апелираше да се дополни дека една од целите на средното образование е и „воспитување за прифаќање на различностите, унапредување на разбирањето и почитување на човековите права, родовата еднаквост и мултикултурализмот". КСЗД даде конкретни предлози за инклузија на учениците со попреченост и истакна дека во однос на нивната поддршка треба да се предвиди обезбедување бесплатен и прилагоден превоз за ученикот и неговиот придружник и центар за поддршка во учењето во рамки на училиштето. Исто така, се предложи доуредување на делот за спречување на насилство врз учениците со дел за дискриминација, со што ќе се спроведе обврската да се пријавуваат и случаите на дискриминација до соодветните органи утврдени со закон, потоа директорот на училиштето да биде обврзан да го пријавува секој облик на дискриминација во училиштето, како и тоа на часовите на заедница на паралелка да се обработуваат и теми за промоција на еднаквоста и спречување на дискриминација. Во согласност со препораките упатени во претходни донесени мислења по конкретни случаи за дискриминација, Комисијата препорача во Законот да се избришат условите за ограничување од правото на бесплатен превоз за учениците, како и тој да се однесува подеднакво и за ученици запишани во јавните и приватните средни училишта. Комисијата упати апел со Законот да се определат минимум годишни финансиски средства како поддршка на Државните средни училишта, кои треба да се трансформираат во ресурсни центри и средства кои ќе бидат наменети за општините средните училишта како поддршка за отворање на центри за поддршка во учењето и обезбедување на адекватни материјали и средства за учење на учениците со попреченост кои ќе бидат запишани во средните училишта. Интегралното мислење на КСЗД по предлог-Законот за средно образование од февруари 2024 година е објавено на интернет страницата: https://kszd.mk/wp-content/uploads/2024/05/Мислење.pdf

КСЗД во декември 2024 година, упати апел до Собранието за јавна расправа и спроведување на транспарентен процес во однос на носење на пакетот закони во областа на образованието, како предлог-Законот за средно образование, предлог-Законот за измени и дополнување на Законот за основно образование, предлог-Законот за учебници и други.

Во однос на **Законот за административните службеници**, Комисијата, постапувајќи по претставки поднесени од граѓанки кои се вработени како административни службенички во основи училишта во Кавадарци, утврди дека членот 65 став 4 од Законот предизвикува индиректна дискриминација, и кон подносителките, но и кон сите административни службеници кои се вработени во институции од јавниот сектор со помалку од 20 административни службеници. Дискриминацијата произлегува од ограничувањето уредено во членот 65 став 4 кој предвидува во институција од јавниот сектор најмногу 5% од вработените да можат да добијат оценка „А". Иако е навидум неутрална одредба, сепак бидејќи определениот горен праг од 5% е математички непресметлив за институциите со помалку од 20 вработени административни службеници, како последица го оневозможува остварувањето на правото на надоместок за успешност предвиден во член 94-а за вработените административни службеници. Ова води до нееднаквост меѓу административните службеници во јавниот сектор зависно од големината на институцијата каде работат, која е дискриминација врз основа на лично својство и статус на вработените лица. Комисијата препорача Министерството за јавна администрација како овластен подготвувач, Владата на РСМ како овластен предлагач и Собранието на РСМ како носител на законодавната власт во соработка да преземат активности за измена и дополнување на законот со цел да се елиминира дискриминацијата и да се обезбеди еднаквост на административните службеници во оценувањето и во остварување на правото на надоместок за успешност во работењето.

Индиректна дискриминација е утврдена и во **Законот за изменување и дополнување на Законот за културата од 2018 година**. Со членовите 1 и 9 од Законот, се направени промени во методологијата за пресметка на месечниот паричен надоместок за уметниците и стручните работници од областа на заштита на културното наследство, кои се добитници на државни награди, што за последица има создавање на две групи на уметници и стручни работници кои го остваруваат истото право, но добиваат различен износ на надоместокот. Имено, со Законот едната група уметници и стручни работници кои се добитници на државни награди го задржува правото износот на надоместокот кој го добиваат да се пресметува како претходно, од разликата меѓу нивната остварена пензија и највисоката пензија во државата, додека за втората група износот на надоместокот се пресметува по новата методологија, односно како разлика помеѓу остварената пензија и фиксни 38.500 денари. Оваа разлика во методологиите резултира со различни износи на надоместокот за исто остварено право и тоа единствено во зависност од тоа кога лицата се стекнале со правото на месечен паричен надоместок или пак кога се стекнале со правото на пензија. Спорните законски одредби создаваат диспропорционално негативен ефект кон втората група и ја ставаат оваа група во понеповолна положба во однос на првата група уметници и стручни работници, а поради фактот дека износот на највисоката пензија е во постојан раст, во иднина Законот би

создавал уште поголема нееднаквост помеѓу двете групи на уметници и стручни работници кои го остваруваат истото право. Комисијата во случајот утврди индиректна продолжена дискриминација и препорача Министерството за култура и туризам да предложи измени и дополнувања на Законот за културата до Владата на РСМ, со кои ќе се отстрани дискриминацијата и ќе овозможи еднакви придобивки за сите носители на државни награди од областа на културата и уметноста.

Комисијата, исто така, утврди дека членот 174 (ставовите 3, 4 и 6) од **Законот за високото образование** создава индиректна дискриминација, и тоа врз докторите по медицина кои се вработени во приватни здравствени установи. Овие законски одредби ги спречуваат да вршат високообразовна и научноистражувачка дејност во јавни високообразовни установи, бидејќи оневозможува да засноваат двоен работен однос. За разлика од нив, докторите вработени во јавни здравствени установи немаат такво ограничување, што создава нееднаквост. Иако докторите вработени во приватни здравствени установи имаат научни титули и наставни звања, тие не можат да ги ефектуираат во јавните високообразовни установи, што претставува дискриминациски критериум без легитимна основа. Министерството за образование и наука не докажа дека различниот третман е оправдан или пропорционален, ниту дека постои објективна цел за ваквото ограничување. Освен тоа, Уставот и важечките закони и подзаконски акти не содржат одредби кои го оправдуваат поповолниот третман на докторите вработени во јавниот сектор. Заради отстранување на дискриминацијата и обезбедување еднаков пристап до високообразовната и научноистражувачката дејност за сите доктори, без разлика на видот на нивниот работен однос, Комисијата препорача Министерството за образование и наука да иницира измени и дополнувања на членот 174 од Законот за високото образование.

## Присуство на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во медиумите

Една од стратешките цели на КСЗД е зголемување на јавната свест за превенција и заштита од дискриминација. За овие неколку години постоење во оваа форма, Комисијата го заостри профилот и ја зголеми видливоста како независна, влијателна, транспарентна, достапна, призната и доверлива институција која одговара на потребите на граѓаните за заштита и унапредување на нивните права. Комисијата ја подобри стратешката ориентација и проактивност во однос на комуникацијата кон прикажување како критичен двигател на позитивни промени за основна еднаквост, унапредување на човековите права и елиминирање на сите форми на дискриминација меѓу граѓаните. Насочената комуникација како средство за спречување на дискриминација и проширување на опсегот на комуникациските активности, на КСЗД и помогна да допре до различна публика за поефективно и поефикасно комуницирање по однос на дискриминацијата.

Главен комуникациски канал преку кој Комисијата ја остварува својата активност со јавноста е официјалната веб-страница, на која во 2024 година, се објавени 40 содржини меѓу кои анализа, ангажмани и активности на КСЗД.

Социјалната мрежа „Фејсбук“ бележи континуиран раст на следбеници и интеракции со публиката со повеќе од 60 постови.

Темите со кои КСЗД забележа значително присуство во медиумите се следни:

1. **Реакции и активности поврзани со институционална дискриминација**
    - Остра реакција на Мрежата за заштита од дискриминација: Барање за извинување од Советот на јавни обвинители поради навредите кон КСЗД и мерки за спречување на родова дискриминација.
    - Жалба до Вишиот управен суд: КСЗД поднесе жалба против пресуда на Управниот суд во врска со утврдена дискриминација од Советот на јавни обвинители кон обвинителката Ленче Ристоска.
    - Апел до Министерството за образование и наука: Барање за донесување нов Закон за средно образование со цел подобрување на инклузијата на учениците со попреченост.
    - Поведување постапка по службена должност против МОН: Поради индиректна дискриминација во пристапот до задолжително основно образование.
    - Соопштение за недостапниот јавен превоз: Недостапноста на јавниот превоз непропорционално повеќе засега одредени групи на граѓани како жени, млади луѓе и ученици, пензионери и други возрасни лица, Роми, луѓе што живеат во населби пооддалечени од центарот на градот.
    - Соопштение за најавената мерка на Владата за вадење на возачки дозволи без надомест: Не се работи за дискриминација, меѓутоа се прави нееднаков третман

кон граѓаните кои промениле важечки документи со новото име на државата и за истите платиле.

2. **Мониторинг и јавни дискусии**
    - Мониторинг на говорот на омраза за време на предизборни кампањи: Следење на говорот на омраза во медиумите и на социјалните мрежи – Прес конференција.
    - Евидентирани повеќе од 50 случаи на дискриминаторски и навредливи изјави од политички претставници.
    - Мониторинг на пристапноста до гласачките места: 40% од избирачките места сè уште не се пристапни - анализа на спроведувањето на препораките за пристапност до изборните места.
    - Јавна дискусија за пристапот до правда на Ромките: Организирана во соработка со Народниот правобранител и Министерството за труд и социјална политика.
    - Јавна консултација за дискриминаторски практики: Прибирање податоци за искуства со дискриминација во работни односи.
    - Настан: „Разговори за еднаквост" на тема „Инклузивно образование". КСЗД цели да создаде отворен простор за широк дијалог за поголеми, системски или структурни прашања кои ова тело ги има идентификувано како клучни предизвици во врска со еднаквоста и недискриминацијата во државата.
3. **Кампањи, едукативни и промотивни активности**
    - Кампања „За избори без говор на омраза и дискриминација": Подигнување на свеста за фер изборен процес. Видеа со пораки од граѓански активисти. Поставување на информативни пунктови во Скопје, Тетово, Битола и Штип.
    - Кампања „Пријави дискриминација". Широка дистрибуција на налепници со кјур кодови, за брзо пријавување дискриминација.
    - Гостувања на медиуми: Членовите на КСЗД учествуваа во емисии на МРТВ и ТВ 24 за промовирање на инклузијата и борбата против дискриминацијата, за измените на законот за основно и новиот закон за средно образование, за дискриминација во училиштата, како и на утрински емисии на Сител, Канал 5 и МРТВ.
    - Посета на студенти од Правниот факултет на КСЗД: Презентација за работата на КСЗД и практични примери за дискриминација.
    - Посета на ученици од ООУ „Љубен Лапе": Запознавање со Конвенцијата за правата на децата.
4. **Регионални и меѓународни соработки**
    - Учество на претседателот на КСЗД, Игор Јадровски, 8 Регионална конференција на телата за еднаквост на Југоисточна Европа во Сараево со фокус на родовата еднаквост и насилство врз жени.
    - Соработка со Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ): Учество на семинар во Стразбур.
5. **Законодавни иницијативи и реакции**
    - Барање за измени во Законот за основно образование: Со цел спречување на сегрегацијата на Ромите.

- Критики за измените на Законот за основно и средно образование: Оценети како назадувачки и дискриминирачки.
- Апел за подобрување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд: Проблеми со идентификација и спречување на родова дискриминација.

6. **Културни и јавни настани**
   - Документарна претстава „8%": работена според истражување и интервјуирање на луѓе кои биле изложени на дискриминација, семејно насилство и системски неправди.
   - Меѓународната научно-стручна конференција за лицата со попреченост: Учество на КСЗД во одбележување на 75 години едукација и рехабилитација на лица со попреченост.
7. **Одбележување на меѓународни и значајни денови**
   - Одбележување на Меѓународниот ден против хомофобијата (IDAHOBIT): Повик за еднаквост, слобода и правда за сите.
   - Меѓународен ден за видливост на трансродовите лица: КСЗД отвори јавна консултација, со цел прибирање податоци за искуства и ставови за дискриминаторските практики кои се присутни во нашето општество во областа работни односи на било кој основ на дискриминација.
   - Меѓународен ден на Ромите, во чест на богатото културно наследство, издржливост и придонеси на ромската заедница ширум светот. Заедно за солидарност, борба против дискриминацијата и промовирање на инклузивност за сите.
   - Меѓународен ден за елиминација на насилството врз жените и девојчињата и почеток на глобалната кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство".
   - Светски ден на лицата со попреченост, оваа година под мотото -„Засилување на лидерството на лицата со попреченост за инклузивна и одржлива иднина".
   - По Меѓународниот ден на човековите права, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација упати силен апел за подигнување на јавната свест и одговорноста на институциите во однос на состојбите во неформалните населби каде што најчесто живеат Роми.

## Буџет и финансиско работење

Во 2024 година, буџетот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, кој се води како програма 20, согласно  Буџетскиот циркулар за 2024 година е проектиран со вкупна вредност од 61.173.828 денари, од кои од страна на Министерство за финансии при креирање на Буџетот за 2024 година на програмата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се проектирани 30.371.000 денари.

Со цел поефикасно извршување на програмата за работа на Комисијата, реализирањето на стратешките приоритети и активности предвидени за 2024 година, како и овозможување на непречено функционирање на Стручната служба, се наметна потреба од одредени пренамени, и тоа на ставките предвидени за купување на опрема и машини (+285.000), вложување и нефинансиски средства (+90.200), за сметка на кои се одземени средства од ставките за материјали и ситен инвентар (-60.000), тековно одржување (-90.000), договорни услуги (-135.000) и други тековни расходи (-90.200).

Министерството за финансии на почетокот на третиот квартал, достави барање за прераспределба на средства, односно намалување или зголемување на истите од буџетот за 2024 година. Извршено е зголемување на ставката за плати и надоместоци и намалување на ставката за купување на опрема и машини и на ставката за вложување и нефинансиски средства. Поради одземањето на средства од ставката за купување на опрема и машини, Комисијата, и покрај пријавен договор на платформата на Министерството за финансии, по спроведена постапка за јавна набавка беше доведена во состојба да не е во можност во рокот предвиден во договорот да изврши плаќање  на веќе реализираниот договор,

Со ребалансот на буџетот за 2024 година, извршено е намалување на Буџетот на Комисијата за 2024 година во износ од 2.173.000 денари, а зголемување во износ од 3.098.000 денари.

На барање на Министерството за финансии во четвртиот квартал доставена е табела со податоци за прераспределба на финансиски средства помеѓу буџетските корисници и фондовите. Од страна на Собранието, одобрено е барањето на  Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да  ги добие средствата (кои беа одземени од соодветната ставка) заради исплата на доспеаните обврски и неисплатените обврски по реализирани договори со што вкупниот буџет за 2024 година достигна износ од 31.962.000 денари.

Во продолжение табеларен преглед на доделените, планираните и потрошените средства по ставки, во текот на 2024 година, вклучувајќи и процент на реализација:

| **Опис на деловите на буџетот** | **Број на ставка** | **Буџет** | **План** | **Потрошени средства** | **% на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни плати | 401 | 18.992.000 | 18.939.317 | 18.939.149 | 99,72 |
| Придонеси за социјално осигурување | 402 | 7.372.000 | 7.361.210 | 7.354.007 | 99,76 |
| Надоместоци | 404 | 275.000 | 209.421 | 209.421 | 76,15 |
| Патни и дневни расходи | 420 | 600.000 | 600.000 | 599.877 | 99,98 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 421 | 1.300.000 | 1.300.000 | 1.280.939 | 98,53 |
| Материјали и ситен инвентар | 423 | 199.547 | 199.547 | 199.362 | 99,91 |
| Поправки и тековно одржување | 424 | 260.000 | 260.000 | 258.843 | 99,56 |
| Договорни услуги | 425 | 808.000 | 808.000 | 804.280 | 99,54 |
| Други тековни расходи | 426 | 361.000 | 361.000 | 358.188 | 99,22 |
| Исплата по извршни исправи | 465 | 348.000 | 347.228 | 347.228 | 99,78 |
| Купување на опрема и машини | 480 | 1.109.453 | 1.109.453 | 1.109.113 | 99,97 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 485 | 337.000 | 337.000 | 337.000 | 100,00 |
| ВКУПНО | | **31.962.000** | **31.832.176** | **31.797.407** | **99,49** |

# Прилог 1: Случаи од праксата

## Неправда кон специјалистите во приватните здравствени установи: Оневозможени да придонесат во науката и образованието

Во еден праведен и инклузивен систем, секој професионалец треба да има можност да го даде својот максимум – без оглед на тоа каде работи. Сепак, многу лекари специјалисти, кои посветено работат во приватните здравствени установи, се соочуваат со неправеден административен ѕид што им го ограничува професионалниот развој.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди, дека членот 174 од Законот за високото образование создава индиректна дискриминација. Овој член содржи наизглед неутрален критериум кој, во реалноста, ја исклучува можноста, значителен број искусни и квалификувани лекари да вршат високообразовна и научно-истражувачка дејност. Причината? Единствено тоа што нивниот работен однос е заснован во приватна здравствена установа, а не во јавна.

Оваа ситуација не е само лична неправда за овие лекари – таа претставува загуба за целиот образовен и здравствен систем. На универзитетите им недостасуваат искусни специјалисти кои можат да го споделат своето знаење со идните генерации лекари. На медицинската наука ѝ се скратува вреден истражувачки потенцијал. А пациентите – сите ние – остануваме без придобивките што би произлегле од нивниот научен и образовен ангажман.

Со цел да се исправи оваа неправда, Комисијата препорача Министерството за образование и наука да иницира измени и дополнувања на Законот за високото образование. Ова би им овозможило на лекарите специјалисти, без разлика на нивното работно место, да учествуваат рамноправно во образовниот и научниот процес.

Ова не е само прашање на закон – туку на принципи, еднакви можности и почит кон знаењето и трудот на оние кои го посветиле животот на медицината. Време е овие лекари да ја добијат шансата што ја заслужуваат – за доброто на сите нас.

## Повеќекратна индиректна дискриминација кон учениците – „Куќен ред" за облекување и надворешен изглед

Образованието треба да биде простор на еднаквост, прифаќање и поддршка, но некогаш правилата, иако со добра намера, можат да доведат до исклучување и неправедност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по службена должност, а потоа и по поднесени претставки, утврди повеќекратна индиректна дискриминација врз учениците во неколку средни училишта. Овие училишта, преку својот „Куќен ред", воведоа строги правила за облекување и надворешен изглед, кои несразмерно погодија одредени ученици врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба.

Забраните – долги нокти, пирсеви, маици на прерамки, хеланки, бермуди, кратки пантолони, кратки маици, искинати фармерки, тренерки и кратки здолништа – не само што ја

ограничуваат слободата на изразување, туку кај некои ученици создаваат чувство на исклученост и срам. Дополнително, овие правила непропорционално влијаат врз учениците кои, поради својата финансиска состојба, немаат можност постојано да набавуваат нова облека што одговара на зададените норми.

Без постоење на легитимна и оправдана цел за ваквите ограничувања, а повикувајќи се на национални и меѓународни правни документи кои ги штитат човековите права, КСЗД препорача на училиштата во рок од 30 дена да ги изменат своите акти. Целта беше не само да се отстрани веќе направената индиректна дискриминација, туку и да се спречи донесување слични правила во иднина, кои би можеле да создадат неправда меѓу учениците.

Со задоволство може да се констатира дека препораката е целосно исполнета во законскиот рок. Овој чекор претставува позитивен пример за тоа како институциите и училиштата можат заеднички да создадат инклузивна и поддржувачка средина, во која секој ученик ќе се чувствува прифатен и почитуван.

### Поддршка и заштита од дискриминација: важен чекор кон праведно општество

По претставката поднесена од ученик против СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес, во која тој посочува дека е жртва на континуирано врсничко насилство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди сериозни прекршувања на неговите права. Според наводите, насилството било засновано на неговата етничка и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост, при што дел од професорите биле сведоци, но не реагирале.

Во овој чувствителен и загрижувачки случај, покрај повеќекратната и продолжена дискриминација, Комисијата утврди и вознемирување и виктимизација врз исти основи. Овие наоди упатуваат на длабок системски проблем што бара итни и ефективни решенија за да се обезбеди безбедна и поддржувачка средина за сите ученици.

Со цел да се заштити достоинството и добросостојбата на учениците, Комисијата му наложи на училиштето да преземе конкретни чекори за справување со булингот. Тоа вклучува изрекување на педагошки мерки за сторителите, донесување интерна политика или протокол за спречување и заштита од насилство и дискриминација, како и зајакнување на капацитетите на наставниот кадар за препознавање и спречување на ваквите појави. Посебен акцент се става на основите како што се попреченоста, расата, бојата на кожата, етничката припадност, родовиот идентитет и сексуалната ориентација. Училиштето имаше обврска да ги имплементира овие мерки во рок од три месеци, а потоа да продолжи со континуирани обуки за подигнување на свеста и знаењето на вработените за инклузивност и недискриминација.

СОУ „Гимназија Кочо Рацин" веќе ја извести Комисијата дека е започнато спроведување на препораките, што претставува значаен чекор кон создавање побезбедна и поправедна училишна средина. Ова е потсетник дека сите ние имаме одговорност да се бориме против

дискриминацијата и да создадеме општество во кое секое дете се чувствува прифатено, заштитено и почитувано.

### Директна интерсекциска дискриминација врз основа на род и религија или верско уверување

По добиена претставка за недозволување влез во скопски ресторан поради носење шамија како религиозно обележје, КСЗД утврди дека се работи за директна интерсекциска дискриминација врз основа на род и религија или верско уверување, во областа на пристап до добра и услуги.

Овој случај покажува колку е важно секој граѓанин да се чувствува почитувано и прифатено, без разлика на неговиот изглед, верувања или идентитет. За жал, увидот на Комисијата откри дека ваквата практика на исклучување не била изолиран инцидент, туку воспоставена практика на менаџментот на ресторанот.

КСЗД упати јасна препорака ресторанот да ги промени своите политики и да обезбеди отворен и еднаков пристап за сите. Секој човек заслужува да биде третиран со достоинство, а одговорноста за создавање инклузивно општество е заедничка – и на институциите и на деловните субјекти. Во иднина, ресторанот не смее да го ограничува пристапот врз каква било дискриминаторска основа, за да се спречи нееднаквост и неправеден третман на било кој граѓанин.

### Интерсекциска дискриминација врз основа на род и етничка припадност

Приватниот Меѓународен Балкански Универзитет спровел интерсекциска дискриминација врз основа на род и етничка припадност, со ненадејно прекинување на работниот однос на неколку жени Македонки без никакво објаснување. Со оваа одлука, на Школата за англиски јазик во рамки на универзитетот не останала ниту една вработена жена Македонка, оставајќи ги засегнатите жени без работа и без можност за објаснување или праведен третман.

Оваа ситуација не е само правно и институционално прашање – таа длабоко ги засега животите на овие жени, нивната егзистенција и достоинство. Тие се соочуваат со чувство на неправда и несигурност, додека нивните професионални кариери се прекинати без фер можност за одбрана или објективна проценка.

Комисијата препорача, универзитетот да ги врати на работа сите подносителки на претставката и да осигура дека евентуалните идни намалувања на кадарот ќе се засноваат на транспарентни и неутрални критериуми, а не на дискриминациски основи. Дополнително, препорачано е универзитетот да воведе и редовно да спроведува политика за еднаквост и недискриминација, со цел ваквите неправди да не се повторат.

Ова не е само препорака – тоа е повик за правда, почит и еднакви можности за сите, без разлика на нивниот пол или етничка припадност.

### Директна дискриминација врз основа на јазик и етничка припадност

Во постапка што беше покрената поради иста предметна дејност, а по претставка поднесена од Демократската партија на Турците во Македонија и жител на селото Врапчиште, беше утврдено дека Министерството за внатрешни работи сторило директна дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик.

Конкретно, граѓанин од Врапчиште се соочил со неправедни пречки при издавањето на лични документи, само поради својот јазик и етничка припадност. Овој случај, за жал, не бил изолиран – дискриминацијата погодила и многу други граѓани од турска националност, на кои им било отежнато или оневозможено добивањето на лични документи, со образложение дека нема доволно обрасци на турски јазик.

Оваа ситуација не е само административен проблем – таа длабоко влијае врз достоинството и правата на граѓаните, оставајќи ги во неизвесност и правна несигурност. Да не можеш да добиеш личен документ на својот јазик значи да се чувствуваш невидлив во општеството во кое припаѓаш.

Комисијата упати препорака до Министерството за внатрешни работи итно да набави доволен број обрасци на турски јазик за издавање лични карти, возачки дозволи и пасоши, како и да осигура дека во иднина, секое барање за документи на друг јазик ќе биде третирано со должно внимание и почит. Дополнително, беше нагласена важноста Министерството да ги вклучи овие потреби во своите планови за јавни набавки, за да се спречи повторување на вакви случаи.

Како позитивен чекор, Министерството ја извести Комисијата дека веќе е набавен доволен број на обрасци за лични документи на турски јазик, што значи дека граѓаните конечно можат без пречки да ги остварат своите права.

Овој случај е потсетник дека сите граѓани заслужуваат еднаков третман, независно од нивната етничка припадност и јазикот што го зборуваат. Правото на лични документи не е привилегија – тоа е основно човеково право кое секоја институција треба да го гарантира со најголема одговорност и посветеност.

### Неправда кон работничка поради желбата да стане мајка

Во историски преседан, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди родово заснована дискриминација врз работничка која била отпуштена само затоа што решила да стане мајка преку ин витро оплодување.

Работничката, која две години совесно ја извршувала својата работа во приватна компанија, со доверба го информирала работодавачот за своите планови за бременост. Наместо поддршка и разбирање, се соочила со сурова неправда – без никаква законска процедура, добила отказ без отказен рок и веднаш била одјавена од социјалното осигурување.

Оваа неочекувана и неправедна одлука не само што ја лишила од работното место, туку ѝ ја ускратила можноста да ја заврши ин витро процедурата преку Фондот за здравствено

осигурување. Последиците биле сериозни – дополнителен финансиски товар и нарушено здравје, во еден од најчувствителните периоди од нејзиниот живот.

Комисијата утврди дека отказот бил директно поврзан со нејзината одлука да стане мајка и препорача работодавачот да ѝ го надомести целиот износ за ин витро процедурата, која таа била принудена да ја финансира самостојно.

Овој случај е потсетник за сите нас дека никој не смее да биде казнет за своето право да создаде семејство. Дискриминацијата врз основа на родителство не само што е незаконска, туку и длабоко нечовечка.

### Дискриминација врз основа на етничка припадност и боја на кожа

Секој човек заслужува достоинствен и еднаков пристап до основните јавни услуги, но жителите на општина Шуто Оризари со години се соочуваат со неправда што им го отежнува секојдневниот живот. Постапувајќи по претставка поднесена од Европскиот центар за правата на Ромите, Комисијата утврди дека ЈСП – Скопје врши директна дискриминација кон овие граѓани, лишувајќи ги од редовен и соодветен јавен превоз.

За многумина, автобусот не е само превозно средство – тој е мост кон можности, пристап до образование, вработување, здравствени услуги и подобар живот. Но, на линиите бр. 19 и 20, кои ги поврзуваат Шуто Оризари со останатиот дел од градот, овој мост премногу често е недостапен. Овој долгогодишен проблем дополнително ја зајакнува маргинализацијата на Ромите и ја продлабочува нивната изолација.

Комисијата препорача во рок од три месеци ЈСП да обезбеди редовен и соодветен јавен превоз за жителите на Шуто Оризари и конечно да стави крај на оваа дискриминациска практика. Доколку тоа не се случи, КСЗД ќе поднесе барање за прекршочна постапка до надлежен суд, бидејќи правото на движење и еднаквост не смее да биде привилегија – тоа е основно човеково право.

# Прилог 2: Завршна сметка

1

| Период | Контролор |
|---|---|

| 5 | 1 | 0 | | 0 | 7 | 4 | 8 | 3 | 7 | 8 | 3 | | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 6 | 2 | 9 | 4 | 4 | 6 | 3 | 7 | 1 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |

Вид работа — Идентификационен број (ЕМБС) — Резервни кодекси

Назив на субјектот: **Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

Адреса, седиште и телефон: ул.Даме Груев бр.1 Скопје 02-3232-368

Единствен даночен број: 4 0 8 0 0 2 1 5 9 5 6 6 5

Адреса за е-пошта: lj.serafimovska@kszd.mk

`020116294463716

**(корисници на средства од Буџетот)**

**ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

**во текот на годината - Биланс на приходите и расходите**

01.01 **31.12. 2024** година

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **РАСХОДИ:**<br>**I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ**<br>(002+007+012+020+024+029+033+039) | 001 | **20.945.089** | **30.328.800** |
| | | а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ<br>(од 003 до 006) | 002 | 17.798.374 | 26.502.577 |
| 1. | 401 | Плати и надоместоци | 003 | 12.685.671 | 18.939.149 |
| 2. | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 004 | 4.925.257 | 7.354.007 |
| 3. | 403 | Останати придонеси од плати | 005 | | |
| 4. | 404 | Надоместоци | 006 | 187.446 | 209.421 |
| | | б) РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ<br>(од 008 до 011) | 007 | 0 | 0 |
| 5. | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | 008 | | |
| 6. | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 009 | | |
| 7. | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 010 | | |
| 8. | 414 | Резерви за капитални расходи | 011 | | |
| | | в) СТОКИ И УСЛУГИ<br>(од 013 до 019) | 012 | 3.146.715 | 3.478.995 |
| 9. | 420 | Патни и дневни расходи | 013 | 520.613 | 577.383 |
| 10. | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 014 | 1.031.474 | 1.280.939 |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 11. | 423 | Материјали и ситен инвентар | 015 | 251.327 | 199.362 |
| 12. | 424 | Поправки и тековно одржување | 016 | 132.655 | 258.843 |
| 13. | 425 | Договорни услуги | 017 | 670.191 | 804.280 |
| 14. | 426 | Други тековни расходи | 018 | 540.455 | 358.188 |
| 15. | 427 | Привремени вработувања | 019 | 0 | 0 |
| | | г) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИ ФОНДОВИ (од 021 до 023) | 020 | 0 | 0 |
| 16. | 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | 021 | | |
| 17. | 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | 022 | | |
| 18. | 433 | Трансфери до Фондот за здравствено осигурување | 023 | | |
| | | д) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕЛС (од 025 до 028) | 024 | 0 | 0 |
| 19. | 441 | Дотациии од ДДВ | 025 | | |
| 20. | 442 | Наменски дотации | 026 | | |
| 21. | 443 | Блок дотации | 027 | | |
| 22. | 444 | Дотации за делегирани одделни надлежности | 028 | | |
| | | ѓ) КАМАТНИ ПЛАЌАЊА (од 030 до 032) | 029 | 0 | 0 |
| 23. | 451 | Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 030 | | |
| 24. | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 031 | | |
| 25. | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 032 | | |
| | | е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038) | 033 | 0 | 347.228 |
| 26. | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 034 | | |
| 27. | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 035 | | |
| 28. | 463 | Трансфери до невладини организации | 036 | | |
| 29. | 464 | Разни трансфери | 037 | | |
| 30. | 465 | Исплати по извршни исправи | 038 | | 347.228 |
| | | ж) СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ (од 040 до 043) | 039 | 0 | 0 |
| 31. | 471 | Социјални надоместоци | 040 | | |
| 32. | 472 | Плаќање на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 041 | | |
| 33. | 473 | Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување | 042 | | |
| 34. | 474 | Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 043 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** (од 045 до 054) | 044 | **569.957** | **1.446.113** |
| 35. | 480 | Купување на опрема и машини | 045 | 373.133 | 1.109.113 |
| 36. | 481 | Градежни објекти | 046 | | |
| 37. | 482 | Други градежни објекти | 047 | | |
| 38. | 483 | Купување на мебел | 048 | 126.024 | |
| 39. | 484 | Стратешки стоки и други резерви | 049 | | |
| 40. | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 050 | 70.800 | 337.000 |
| 41. | 486 | Купување на возила | 051 | | |
| 42. | 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | 052 | | 0 |
| 43. | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 053 | | |
| 44. | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 054 | | |
| | | **III. ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА** (од 056 до 058) | 055 | **0** | **0** |
| 45. | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 056 | | |
| 46. | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 057 | | |
| 47. | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 058 | | |
| | | **А. ВКУПНИ РАСХОДИ** (001 + 044 + 055) | 059 | **21.515.046** | **31.774.913** |
| | | **Б. ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** (103 минус 059) | 060 | **0** | **0** |
| 48. | 811, 812 и 813 | **В. ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ - ДОБИВКАТА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | 061 | **0** | 0 |
| | | **Г. НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** (060 минус 061) | 062 | 0 | 0 |
| | | **Д. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕТО ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ - ДОБИВКАТА** (од 064 до 066) | 063 | **0** | **0** |
| 49 | 830 | За покривање на загуба | 064 | | |
| 50 | 831 | За поврат во буџетот односно фондот | 065 | | |
| 51 | 833 | За пренос во наредната година | 066 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **Г. ВКУПНО**<br>(059+060)=105<br>ако 061 е поголемо од 060<br>тогаш (059+061)=105 | 067 | **21.515.046** | **31.774.913** |
| | | **ПРИХОДИ:**<br>**I. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**<br>(од 069 до 076) | 068 | **0** | **0** |
| 52. | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 069 | | |
| 53. | 712 | Придонеси за социјално осигурување | 070 | | |
| 54. | 713 | Даноци од имот | 071 | | |
| 55. | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 072 | | |
| 56. | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 073 | | |
| 57. | 716 | Еднократни посебни такси | 074 | | |
| 58. | 717 | Даноци на специфични услуги | 075 | | |
| 59. | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 076 | | |
| | | **II. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**<br>(од 078 до 082) | 077 | 0 | **0** |
| 60. | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 078 | | |
| 61. | 722 | Глоби, судски и административни такси | 079 | | |
| 62. | 723 | Такси и надоместоци | 080 | | |
| 63. | 724 | Други владини услуги | 081 | | |
| 64. | 725 | Други неданочни приходи | 082 | | |
| | | **III. КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**<br>(од 083 до 087) | 083 | **0** | **0** |
| 65. | 731 | Продажба на капитални средства | 084 | | |
| 66. | 732 | Продажба на стоки | 085 | | |
| 67. | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 086 | | |
| 68. | 734 | Приходи од дивиденди | 087 | | |
| | | **IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**<br>(од 089 до 092) | 088 | **21.515.046** | **31.774.913** |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 69. | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 089 | 21.515.046 | 31.774.913 |
| 70. | 742 | Донации од странство | 090 | | |
| 71. | 743 | Капитални донации | 091 | | |
| 72. | 744 | Тековни донации | 092 | | |
| | | **V. ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** (од 094 до 096) | 093 | 0 | **0** |
| 73. | 751 | Краткорочни позајмици од земјата | 094 | | |
| 74. | 753 | Долгорочни обврзници | 095 | | |
| 75. | 754 | Друго домашно задолжување | 096 | | |
| | | **VI. ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** (од 098 до 100) | 097 | 0 | **0** |
| 76. | 761 | Меѓународни развојни агенции | 098 | | |
| 77. | 762 | Странски влади | 099 | | |
| 78. | 769 | Други задожувања во странство | 100 | | |
| 79. | 771 | **VII. ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** Продажба на хартии од вредност | 101 | | |
| 80. | 781 | **VIII. ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** Приходи од наплатени дадени заеми | 102 | | |
| | | **А. ВКУПНИ ПРИХОДИ** (068+077+083+088+093+097+101+102) | 103 | **21.515.046** | **31.774.913** |
| 81. | 890 | **Б. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ** (059+061 минус 103) | 104 | **0** | **0** |
| | | **В. ВКУПНО:** (103+104=067) | 105 | **21.515.046** | **31.774.913** |
| 82. | | **Г. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ:** Просечен број на вработени врз основа на часовите на работа во пресметковниот период (цел број) | 106 | | |

Во *Скопје*

На ден *#REF! 26.02.2025*

Лице одговорно за составување на билансот

*Љупка Серафимовска*

М.П.

Раководител

*Димко Бејзароски*

| Период | Контролор |
|---|---|
| | |

| 5 | 1 | 0 | 0 | 7 | 4 | 8 | 3 | 7 | 8 | 3 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 6 | 2 | 9 | 4 | 4 | 6 | 3 | 7 | 1 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |

Вид работа — Идентификационен број (ЕМБС) — Резервни кодекси

Назив на субјектот: **Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

Адреса, седиште и телефон: ул.Даме Груев бр.1 Скопје 02-3232-368

Единствен даночен број: 4 0 8 0 0 2 1 5 9 5 6 6 5

Назив на корисникот:

Адреса за е-пошта: lj.serafimovska@kszd.mk

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на ден 31.12. 2024 година

`020116294463716

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (6-7) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123) | 111 | 2.083.870 | 3.446.728 | 1.917.967 | 1.528.761 |
| 1. | 00 | I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 112 | | | | 0 |
| 2. | 010, 011, 012 и 015 | II. МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА | 113 | | | | 0 |
| | | III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121) | 114 | 2.083.870 | 3.446.728 | 1.917.967 | 1.528.761 |
| 3. | 020 и 029д | Градежни објекти | 115 | | | | 0 |
| 4. | 21 и 029д | Станови и деловни објекти | 116 | | | | 0 |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И з н о с | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (6-7) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 5. | 022 и 029 | Опрема | 117 | 2.083.870 | 3.446.728 | 1.917.967 | 1.528.761 |
| 6. | 023 и 029д | Повеќегодишни насаи | 118 | | | | 0 |
| 7. | 024 и 029д | Основни стадо | 119 | | | | 0 |
| 8. | 025 и 029 | Други материјални средства | 120 | | | | 0 |
| 9. | 026 и 029д | Аванси за материјални средства | 121 | | | | 0 |
| 10. | 030 | III - 1. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ВО ПОДГОТОВКА | 122 | | | | 0 |
| 11. | 04 | IV. ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ И ПОЗАЈМИЦИ ДАДЕНИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО И ОРОЧЕНИ СРЕДСТВА | 123 | | | | 0 |
| | | Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146) | 124 | 2.039.141 | 2.622.424 | 0 | 2.622.424 |
| | | I. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (126 до 133) | 125 | 0 | 710 | 0 | 710 |
| 12. | 100 | Сметка | 126 | | | | 0 |
| 13. | 101 | Благајна | 127 | | | | 0 |
| 14. | 102 | Издвоени парични средства | 128 | | | | 0 |
| 15. | 103 | Отворени акредитиви | 129 | | | | 0 |
| 16. | 104 | Девизна сметка | 130 | | | | 0 |
| 17. | 105 | Девизни акредитиви | 131 | | | | 0 |
| 18. | 106 | Девизна благајна | 132 | | | | 0 |

| | Група на | | | И з н о с |
|---|---|---|---|---|

| Ред бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Претходна година | Тековна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (6-7) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 19. | 108 | Други парични средства | 133 | | 710 | | 710 |
| 20. | 11 | II. ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 134 | | | | 0 |
| | | III. ПОБАРУВАЊА (136 до 139) | 135 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21. | 120 | Побарувања од буџетот | 136 | | | | 0 |
| 22. | 121 | Побарувања од фондот | 137 | | | | 0 |
| 23. | 122 и 129д | Побарувања од купувачи во земјата | 138 | | | | 0 |
| 24. | 123 и 129д | Побарувања од купувачи во странство | 139 | | | | 0 |
| 25. | 13 | IV. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 140 | | | | 0 |
| 26. | 14 | V. КРАТКОРОЧНИ ФИНАСИСКИ ПОБАРУВАЊА | 141 | | | | 0 |
| 27. | 15 | VI. ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 142 | | 22.915 | | 22.915 |
| 28. | 16 | VII. ФИНАНСИСКИ ПРЕСМЕТКОВНИ ОДНОСИ | 143 | | | | 0 |
| 29. | 17 | VIII. ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ | 144 | | | | 0 |
| 30. | 190 до 197 | IX. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 145 | | | | 0 |
| 31. | 198 | Други активни временски разграничувања | 146 | 2.039.141 | 2.598.799 | | 2.598.799 |
| | | В) МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР (148 до 153) | 147 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 32. | 31 | Метеријали | 148 | | | | 0 |

| | Група на | | | И з н о с |
|---|---|---|---|---|

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Претходна година | Тековна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (6-7) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 33. | 32 | Резервни делови | 149 | | | | 0 |
| 34. | 36 | Ситен инвентар | 150 | | | | 0 |
| 35. | 60 | Производство | 151 | | | | 0 |
| 36. | 63 | Готови производи | 152 | | | | 0 |
| 37. | 65, 66 и 67 | Стоки, аванси, депозити и кауции | 153 | | | | 0 |
| | | Г) НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ И ДРУГИ ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ И ЗАЕМИ (155 до 157) | 154 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 38. | 090 | Непокриени расходи од поранешни години | 155 | | | | 0 |
| 39. | 092 | Непокриени расходи | 156 | | | | 0 |
| 40. | 095 | Примени долгорочни кредити и заеми | 157 | | | | 0 |
| 41. | 08 | III. ДРУГИ СРЕДСТВА | 158 | | | | 0 |
| | | ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158) | 159 | 4.123.011 | 6.069.152 | 1.917.967 | 4.151.185 |
| 42. | 990 до 994 | ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-АКТИВА | 160 | 97 | | | 0 |

| Ред. | Група на сметки или | ПОЗИЦИЈА | Ознака | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Износ на денот |

| бр. | сметка | | на АОП | (Почетна состојба) (Тековна година) | на билансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (162+163) | 161 | 2.083.870 | 1.528.761 |
| 43. | 900 | Државен-јавен капитал | 162 | 2.083.870 | 1.528.761 |
| 44. | 901 | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) | 163 | | |
| 45. | 91 | II. Ревалоризациона резерва | 164 | | |
| | | III. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (166 до 172) | 165 | 0 | 0 |
| 46. | 920 | Обврски по долгорочни кредити | 166 | | |
| 47. | 922 | Вложувања од странски лица | 167 | | |
| 48. | 923 | Кредити од банки во земјата | 168 | | |
| 49. | 924 | Други кредити во земјата | 169 | | |
| 50. | 925 | Кредити од странство | 170 | | |
| 51. | 927 | Долгорочни обврски за примени депозити и кауции | 171 | | |
| 52. | 928 | Други долгорочни обврски | 172 | | |
| | | IV. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198) | 173 | 2.039.141 | 2.622.424 |
| 53. | 21 | а) Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 174 | | |

| Ред. | Група на | ПОЗИЦИЈА | Ознака | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | |

| бр. | сметка | | на АОП | (Почетна состојба) (Тековна година) | на билансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | б) Краткорочни обрски спрема добавувачи (176 до 179) | 175 | 388.578 | 393.870 |
| 54. | 220 | Обврски спрема добавувачи во земјата | 176 | 344.435 | 263.435 |
| 55. | 221 | Обврски спрема добавувачи во странство | 177 | | 74.325 |
| 56. | 224 | Обврски спрема добавувачи за нефактурирани стоки, материјали и услуги | 178 | | |
| 57. | 225 | Обврски спрема добавувачи - граѓани | 179 | 44.143 | 56.110 |
| 58. | 23 | в) Примени аванси, депозити и кауции | 180 | | |
| | | г) Краткорочни финансиски обврски (182 до 188) | 181 | 0 | 0 |
| 59. | 240 | Обврски од заедничко работење со субјектите | 182 | | |
| 60. | 241 | Обврски за кредити во земјата | 183 | | |
| 61. | 242 | Обврски за кредити во странство | 184 | | |
| 62. | 243 | Обврски за вложени средства во земјата | 185 | | |
| 63. | 245 | Други краткорочни финансиски обврски | 186 | | |
| 64. | 246 | Обврски спрема работниците | 187 | | |
| 65. | 247 | Обврски по запирање на работниците | 188 | | |

| Ред. | Група на сметки или | ПОЗИЦИЈА | Ознака | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Износ на денот |

| бр. | сметка | | на АОП | (Почетна состојба) (Тековна година) | на билансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | д) Обврски спрема државата и други институции (190 до 194) | 189 | 4.889 | 5.445 |
| 66. | 250 | Обврски за данок на додадена вредност | 190 | | |
| | 251 | Обврски за акцизи | 191 | | |
| 67. | 252 | Обврски за царини и царински давачки | 192 | | |
| 68. | 253 | Обврски за даноци и придонеси по договор за дело и авторско дело | 193 | 4.889 | 5.445 |
| 69. | 255 | Обврски за други даноци и придонеси | 194 | | |
| 70. | 26 | ѓ) Финасиски и пресметковни односи | 195 | | |
| 71. | 27 | е) Обврски за даноци и придонеси од добивка | 196 | | |
| 72. | 28 | ж) Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 197 | 1.645.674 | 2.223.109 |
| 73. | 29 | з) Пасивни временски разграничувања | 198 | | |
| 74. | 98 | IV. ИЗВОРИ НА ДРУГИ СРЕДСТВА<br>Извори на други средства | 199 | | |
| | | ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199) | 200 | 4.123.011 | 4.151.185 |
| 75. | 955 до 999 | ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА | 201 | 97 | 97 |

Во *Скопје*

На ден *#REF! 26.02.2025*

Лице одговорно за составување на билансот

*Љупка Серафимовска*

М.П.

Раководител

*Димко Бејзароски*

Образец „**ДЕ**"

Период Контролор

| | | |
|---|---|---|
| 5 1 0 | 0 7 4 8 3 7 8 3 | 0 2 0 1 1 6 2 9 4 4 6 3 7 1 6 |
| 1 2 3 | 4 5 6 7 8 9 10 11 | 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 |
| Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на субјектот | **Комисија за спречување и заштита од дискриминација** | | |
| Адреса, седиште и телефон | ул.Даме Груев бр.1 | Скопје | 02-3232-368 |
| Адреса за е-пошта | lj.serafimovska@kszd.mk | | |
| Единствен даночен број | 4 0 8 0 0 2 1 5 9 5 6 6 5 | | |

## ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ

за државна евиденција за корисниците на средства
од Буџетот на фондовите

`020116294463716

за **31.12. 2024**

**(во денари)**

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка, д=дел | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| 1. | 000 | Набавна вредност на основачки издатоци | 601 | | |
| 2. | 008 д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на основачки издатоци | 602 | | |
| 3. | 009 д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на основачки издатоци | 603 | | |
| 4. | | Сегашна вредност на основачки издатоци (< или = АОП 112 од БС) | 604 | 0 | 0 |
| 5. | 001 | Набавна вредност на издатоци во истражување и развој | 605 | | |
| 5.1. | | Плата и надоместоци на плата на вработените кои директно работат на истражување и развој | 606 | | |
| 5.2. | | Трошоци за материјали и услуги [1] користени или потрошени при истражување и развој | 607 | | |

[1] Трошоци за суровини и материјал, трошоци за енергија, трошоци за ситен инвентар, трошоци за амбалажа, трошоци за резервни делови и материјали за одржување на објектите и опремата, интелектуални услуги и други услуги кои се услов за истражувањето и развојот за сопствени цели.

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка, д=дел | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 5.3. | | Амортизација на недвижности, постројки и опрема користени при истражување и развој | 608 | | |
| 5.4. | | Амортизација на патенти и лиценци користени при истражување и развој | 609 | | |
| 6. | 008 д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на издатоци во истражување и развој | 610 | | |
| 7. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на издатоци во истражување и развој | 611 | | |
| 8. | | Сегашна вредност на издатоци за истражување и развој (< или = АОП 112 од БС) | 612 | 0 | 0 |
| 9. | 002 д | Набавна вредност на петенти, лиценци, концесии и други права | 613 | | |
| 10. | 008 д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на патенти, лиценци, концесии и други права | 614 | | |
| 11. | 009 д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на патенти, лиценци, концесии и други права | 615 | | |
| 12. | | Сегашна вредност на патенти, лиценци, концесии и други права (< или = АОП 112 од БС) | 616 | 0 | 0 |
| 13. | 002 д | Набавна вредност на софтвер со лиценца | 617 | | |
| 14. | 008 д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на софтвер со лиценца | 618 | | |
| 15. | 009 д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) софтвер со лиценца | 619 | | |
| 16. | | Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 112 од БС) | 620 | 0 | 0 |
| 17. | 002д | Набавна вредност на софтвер развиен за сопствена употреба | 621 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка, д=дел | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 18. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на софтвер развиен за сопствена употреба | 622 | | |
| 19. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на софтвер развиен за сопствена употреба | 623 | | |
| 20. | | Сегашна вредност на софтвер развиен за сопствена употреба (< или = АОП 112 од БС) | 624 | 0 | 0 |
| 21. | 002д | Набавна вредност на набавени бази на податоци | 625 | | |
| 22. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на набавени бази на податоци | 626 | | |
| 23. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на набавени бази на податоци | 627 | | |
| 24. | | Сегашна вредност на набавени бази на податоци (< или = АОП 112 од БС) | 628 | 0 | 0 |
| 25. | 003д | Набавна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 629 | | |
| 26. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 630 | | |
| 27. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 631 | | |
| 28. | | Сегашна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба (< или = АОП 112 од БС) | 632 | 0 | 0 |
| 29. | 003 | Набавна вредност на други нематеријални права | 633 | | |
| 30. | 008д | Вредносно усогласување на други нематеријални права (ревалоризација) | 634 | | |
| 31. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на други нематеријални права | 635 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка, д=дел | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 32. | | Сегашна вредност на други нематеријални права (< или = АОП 112 од БС) | 636 | **0** | **0** |
| | | **Б. МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА** | | | |
| 33. | 010 | Земјиште | 637 | | |
| 34. | 018д | Вредносно усогласување (ревалоризација) земјиште | 638 | | |
| 35. | | Сегашна вредност на земјиште (< или = АОП 113 од БС) | 639 | **0** | **0** |
| 36. | 011 | Шуми | 640 | | |
| 37. | 018д | Вредносно усогласување (ревалоризација) шуми | 641 | | |
| 38. | | Сегашна вредност на шуми (< или = АОП 113 од БС) | 642 | **0** | 0 |
| 39. | 018 | Вредносно усогласување (ревалоризација) на материјалните добра и природните богатства | 643 | | |
| | | **В. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| 40. | 022д | Набавна вредност на информациска и телекомуникациска опрема [2)] | 644 | | |
| 41. | 028д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на информациска и телекомуникациска опрема | 645 | | |
| 42. | 029д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на информациска и телекомуникациска опрема | 646 | | |
| 43. | | Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема (< или = АОП 117 од БС) | 647 | 0 | 0 |
| 44. | 22 | Набавна вредност на компјутерска опрема [3)] | 648 | 1.872.444 | 1.874.560 |
| 45. | 028д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на компјутерска опрема | 649 | 2.117 | 97.477 |

[2] Уреди со електронска контрола, како и електронски компоненти кои претставуваат дел од овие уреди (радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати)

[3] Хардвер и периферни единици, машини за обработка на податоци, печатари, скенери и слично.

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка, д=дел | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 46. | 029д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на компјутерска опрема | 650 | 703.814 | 1.134.669 |
| 47 | | Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 117 од БС) | 651 | **1.170.747** | **837.368** |
| 48. | 025 | Набавна вредност на други материјални средства | 652 | 1.393.288 | 1.402.044 |
| 49. | 028д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на други материјални средства | 653 | 1.355 | 72.647 |
| 50. | 029д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на други материјални средства | 654 | 481.520 | 783.298 |
| 51. | | Сегашна вредност на други материјални средства (< или = АОП 120 од БС) | 655 | **913.123** | **691.393** |
| 52. | | Драгоцени метали и камења | 656 | | |
| 53. | | Антиквитети и други уметнички дела | 657 | | |
| 54. | | Други скапоцености | 658 | | |
| | | **Г. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ПЛАТИ И ДРУГИ ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | |
| 55. | 280 | Обврски за плати и надомести на плати (< или = АОП 197 од БС) | 659 | 1.645.674 | 2.222.773 |
| 56. | 281 | Обврски за нето плати (< или = АОП 197 од БС) | 660 | 1.085.332 | 1.462.294 |
| 57. | 282 | Надоместоци на нето плати (< или = АОП 197 од БС) | 661 | | |
| 58. | 284 | Даноци од плати и надомести (< или = АОП 197 од БС) | 662 | 99.553 | 138.097 |
| 59. | 285 | Придонеси од плати и надомести од плати (< или = на АОП 197 од БС) | 663 | 460.789 | 622.382 |
| | | **Д. РАСХОДИ** | | | |
| | | **I. Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | | | |
| 60. | 421д | Електрична енергија (< или = на АОП 014 од БПР) | 664 | 213.074 | 206.705 |
| 61. | 421д | Водовод и канализација (< или = на АОП 014 од БПР) | 665 | 3.775 | 15.789 |
| 62. | 421д | Пошта, телефон, телефакс и други трошоци за комуникација (< или = на АОП 014 од БПР) | 666 | | 307.702 |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка, д=дел | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 63. | 421д | Горива и масла (< или = АОП 014 од БПР) | 667 | | |
| | | **II. Материјали и ситен инвентар** | | | |
| 64. | 423д | Униформи (< или = АОП 015 од БПР) | 668 | | |
| 65. | 423д | Обувки (< или = АОП 015 од БПР) | 669 | | |
| 66. | 423д | Прехранбени продукти и пијалоци (< или = АОП 015 од БПР) | 670 | 27.850 | 31.510 |
| 67. | 423д | Лекови (< или = АОП 015 од БПР) | 671 | | |
| | | **III. Договорни услуги** | | | |
| 68. | 425д | Провизија за платен промет и банкарска провизија (< или = АОП 017 од БПР) | 672 | 1.400 | |
| 69. | 425д | Консултантски услуги (Издатоци за авторски хонорари) (< или = АОП 017 од БПР) | 673 | 601.813 | 700.118 |
| 70. | 425д | Осигурување на недвижности и права (< или = АОП 017 од БПР) | 674 | 54.178 | 56.962 |
| 71. | 425д | Плаќање за здравствено организации од Министерството за здравство (< или = АОП 017 од БПР) | 675 | 12.800 | |
| 72. | 425д | Здравствени услуги во странство (< или = АОП 017 од БПР) | 676 | | |
| | | **IV. Други тековни расходи** | | | |
| 73. | 426д | Други оперативни расходи (< или = на АОП 018 од БПР) | 677 | 32.865 | 358.188 |
| | | **V. Разни трансфери** | | | |
| 74. | 464д | Државни награди и одликувања (< или = на АОП 037 од БПР) | 678 | | |
| 75. | 464д | Трансфери при пензионирање (< или = на АОП 037 од БПР) | 679 | | |
| | | **VI. Социјални надоместоци** | | | |
| 76. | 471д | Еднократна парична помош и помош во натура (< или = на АОП 040 од БПР) | 680 | | |
| 77. | 471д | Детски додаток (< или = на АОП 040 од БПР) | 681 | | |
| 78. | 471д | Помош за здравствена заштита на растенија и животни (< или = на АОП 040 од БПР) | 682 | | |
| 79. | 471д | Исхрана за бедомници и други социјални лица (< или = на АОП 040 од БПР) | 683 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка, д=дел | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **Г. ПРИХОДИ** | | | |
| | | **I. Такси и надоместоци** | | | |
| 80. | 723д | Закупнини (< или = на АОП 079 од БПР) | 684 | | |
| | | **II. Трансфери од други нивоа на власт** | | | |
| 81. | 741д | Трансфери од Буџетот на Република Македонија (< или = на АОП 088 од БПР) | 685 | 21.515.046 | 31.774.913 |
| 82 | 741д | Трансфери од буџетите на фондовите (< или = на АОП 088 од БПР) | 686 | | |
| 83. | 741д | Блок дотации на општината по одделни намени (< или = на АОП 088 од БПР) | 687 | | |
| | | **Е. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | | |
| 84. | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 688 | 0 | 0 |

Во *Скопје*

На ден *0 26.02.2025*

Лице одговорно за составување на образецот

*Љупка Серафимовска*

Одговорно лице

*Љимко Бејзароски*

М. П. на ЦРМ и дата на приемот

Контролата ја извршиле: